ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 28 ДАТА 27.08.2018 ГОДИНА 36

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 28 ДАТА 27.08.2018 г.

## СОДРЖИНА

- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОРИ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ

Комисија за избори и верификација

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 0207-1853/1
16.08.2018 год.

Врз основа на чл. 51, чл. 86, чл. 88 ст. 1 ал. 1 и ал. 2, чл. 99 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, а вв со чл. 12 од Правилникот за изборите на ФФМ, Комисијата за избори и верификација во состав: Владимир Гашевски – претседавач, Горан Каркински- член, Горанчо Костовски -член и Борче Размоски –член, постапувајки по допис бр. 0301-6 од 10.08.2018 година од Општински фудбалски сојуз Тетово и дополнување на документација од ОФС Тетово примена на ден 15.08.2018, на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната :

## ОДЛУКА

1. Предлогот за именување на нови делегати и нивни заменици на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Тетово согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Тетово од 09.08.2018 година, заведена под дел.бр 0301-3 со која Управниот одбор ги отповикал утврдените и верификувани делегати од ОФС Тетово на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија **СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОПУШТЕН.**

2. Предлогот за именување на делегат и заменик делегат на Собрание на ФФМ од Трета лига Запад согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Тетово од 09.08.2018 година, заведена под дел.бр 0301-5 со која Управниот одбор именува делегат на Трета лига Запад на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија **СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОПУШТЕН.**

3. Кандидатурата на г-дин Влатко Костов за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Тетово, врз основа на Одлука на бр. 0301-4 од 10.08.2018 година **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

4. Одлуката стапува на сила веднаш.

5. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за избори и верификување на седницата одржана на ден 16.08.2018 година, го разгледа дописот со прилози од Општински фудбалски сојуз Тетово бр. 0301-6 од 10.08.2016 година, примен во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 11.08.2018 година заведен под деловоден број 0302-1824/1 и утврди дека Општинскиот фудбалски сојуз Тетово доставил Одлука на Управен одбор од 09.08.2018 година заведена под дел.бр. 0301-3 на ден 10.08.2018 година со која ги отповикува именуваните делегати на Собранието на ФФМ од ОФС Тетово и Трета лига Запад и со истата одлука именува нови делегати и нивни заменици делегати од страна на ОФС Тетово на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија и Одлука на Управен одбор од 09.08.2018 година заведена под дел.бр. 0301-5 на ден 10.08.2018 година со која се именува нов делегат и нов заменик делегат на Собранието на ФФМ од Трета лига Запад, Записник од УО од седница одржана на 09.08.2018 година на ОФС Тетово, примено во ФФМ на 15.08.2018 година, под дел.бр. 0302-1824/3, Потврда за казнена евиденција за Влатко Костов, издадена од Основен суд Штип со одделение во Пробиштип Кр.бр. 2824/18 од 08.08.2018 година; Уверение за државјанство за Влатко Костов; Копија од лична карта бр. А0364378, Лекарско уверение од Приватна здравствена установа – ординација по општа медицина СПОРТМЕДИКА бр. 78/18 од 08.08.2018 година; Одлука бр. 0301-4 од 10.08.2018 година од Општински фудбалски сојуз Тетово за кандидат за Претседател, Записник од седница на Управен одбор на ОФС Тетово од 09.08.2018 година, Потврда бр. 0302-31/18 од 15.08.2018 година од ОФС Тетово, Уверение од Основен суд Штип РВПП-830/18 од 15.08.2018 година.

Комисијата за избори и верификација врз основа на приложената документација ја утврди следната фактичка состојба: Општински фудбалски сојуз Тетово на ден 09.09.2018 година со известување бр. 0301-1 од 09.08.2018 година примено од Фудбалска Федерација на Македонија под дел.бр. 0302-1811/1 доставил тековна состојба од Централен регистар на РМ со која известува дека е извршена промена на овластено лице на ОФС Тетово. Управниот одбор на ОФС Тетово одржал седница на ден 09.08.2018 година на која донел Одлука со која се отповикуваат делегати на Собрание на ФФМ од ОФС Тетово и се именуваат нови делегати и нивни заменици, Одлука со која се именува делегат и заменик делегат од Трета лига Запад и Одлука со која се предлага Влатко Костов за кандидат за Претседател на Фудбалска Федерација на Македонија. На ден 11.08.2018 година во ФФМ доставена е документација од ОФС Тетово бр. 0301-6 од 10.08.2018 година, заведена во ФФМ под дел.бр. 0302- 1824/1 во која се приложени одлуките од Управниот одбор на ОФС Тетово и тоа Одлука на Управен одбор од 09.08.2018 година заведена под дел.бр. 0301-2, Одлука на Управен одбор од 09.08.2018 година заведена под дел.бр. 0301-3, Одлука на Управен одбор од 09.08.2018 година заведена под дел.бр. 0301-4, Одлука на Управен одбор од 09.08.2018 година заведена под дел.бр. 0301-5, кратка биографија за Влатко Костов, Потврда бр. 0302-31/18 од 15.08.2018 година од ОФС Тетово, Уверение од Основен суд Штип РВПП-830/18 од 15.08.2018 година. Комисијата од Записник од одржана седница на Комисијата за избори и верификација на ФФМ на ден 12.01.2018 година, заведен во ФФМ под дел бр. 0207-55/1 на 12.01.2018 година и Одлука на Комисијата за избори и верификација на ФФМ донесена на седница одржана на 12.01.2018 година заведена под дел бр. 0207-55/3 на ден 12.01.2018 година констатира дека на г-дин Фисник Хисени, г-дин Дритон Муслиу и г-дин Јовица Илиевски им се утврдени делегатски мандати како делегати на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општински фудбалски сојуз Тетово со мандат од 2018 до 2021 година, а на г-дин Мујдин Исмаили му е утврден делегатски мандат како делегат на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија од трета лига Запад. Комисијата од Записник од одржано редовно генерално собрание на Фудбалската Федерација на Македонија од ден 17.02.2018 година, заведен под дел бр. 0201-474/17 на 21.02.2018 година и Одлуката од Редовно генерално Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија одржано на ден 17.02.2018 година, заведена под дел.бр. 0201-474/1 на 20.02.2018 година констатира дека на вака утврдените делегати со Одлуката на комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-55/3 од 12.01.2018 година, мандатите им се верификувани на Редовна седница на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија одржано на ден 17.02.2018 година .

Комисијата за избори и верификување врз основа на вака утврдената фактичка состојба, а имајќи го во предвид член 99 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија во која одредба е уреден начинот на престанок на мандат на делегат на Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија, *„Мандатот на членовите на УО, како и на делегатите на собранието, ќе се смета за прекинат во случај на: утврдување на трајна неспособност за вршење на функција или смрт; правосилна судска пресуда со која на членот му е изречена казна затвор во траење од 6 месеци и повеќе; изречена дисциплинкса мерка забрана на вршење функција во траење од 6 месеци и повеќе, од орган на ФФМ или потврдена од орган на ФФМ; неоправдано отсуство на повеќе од 3 (три) последователни седници и поднесување на оставка"* утврди дека не настанале околности утврдени во Статутот кои би предизвикале престанок на мандатите на делегатите утврдени со Одлука на комисијата за избори и верификација, верификувани на Редовно генерално Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија одржано на ден 17.02.2018 година.

Комисијата го имаше во предвид и член 36 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, во кои се утврдени правата на членките на ФФМ а посебно став 1 алинеа 1 во која е утврдено правото да бидат повикани согласно воспоставена процедура, да учествуваат во работата на Собранието и преку свои избрани претставници делегати на Собранието на ФФМ да го остваруваат своето право на глас и оцени дека ова право е обезбедно на Општинскиот фудбалски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр 0207-1852/1
18.08.2018 год.

Комисија за избори и верификација

Врз основа на чл. 51, чл. 86, чл. 88 ст. 1 ал. 1 и ал. 2, чл. 99 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, а вв со член 12 од Правилникот за изборите на ФФМ, Комисијата за избори и верификација во состав: Владимир Гашевски – претседавач, Горан Каркински- член, Горанчо Костовски -член и Борче Размоски –член постапувајќи по доставен допис од Општински фудбалски сојуз Куманово бр. 72 од 09.08.2018 година, како и допис бр. 75 од 14.08.2018 година, на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната :

**ОДЛУКА**

1. СЕ КОНСТАТИРА прекин на мандатот на Г-дин Чедо Ангеловски-делегат од Општински фудбалски сојуз Куманово, поради поднесување оставка.

2. СЕ КОНСТАТИРААТ оставките на замениците делегати од ОФС Куманово и тоа на г-дин Милорад Тренчевски, Еркан Јусуф и Неат Селими.

3. СЕ КОНСТАТИРА дека листата на заменици делегати на ОФС Куманово е исцрпена.

4. Предлогот за именување на делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Куманово согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Куманово бр. 71/2 од 09.08.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Вујадин Станојковиќ за делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОПУШТЕН.

5. Предлогот за именување на заменик делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Куманово согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Куманово бр. 71/3 од 09.08.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Зоран Златановски за заменик делегат на Општинскиот фудбалски сојуз Куманово на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОПУШТЕН.

6. Кандидатурата на г-дин Вујадин Станојковиќ за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Куманово, врз основа на Одлука на Управниот одбор на ОФС Куманово бр. 71/4 од 09.08.2018 година СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

7. Одлуката стапува на сила веднаш.

8. Одлуката да се објави во Макфудбал.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за избори и верификување на седницата одржана на ден 16.08.2018 година, го разгледа дописот со прилози од Општински фудбалски сојуз Куманово бр. 72 од 09.08.2018 година, примен во Фудбалската Федерација на ден 10.08.2018 под дел.бр. 0302-1817/1 како и дополнување на документација бр. 75 од 14.08.2018 година, примено во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 15.08.2018 година, под деловоден број 0302-1817/2 и тоа: Одлука од Управен одбор на ОФС Куманово бр. 71/1 од 09.08.2018 година, Оставка од Тренчевски Милорад како заменик делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2409/2018 на 24.07.2018 година, Оставка од Чедо Ангеловски како делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2399/2018 на 24.07.2018 година, Оставка од Јусуф Еркан како заменик делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2410/2018 на 24.07.2018 година, Оставка од Селими Неат како заменик делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2406/2018 на 24.07.2018 година, Одлука од Управен одбор на ОФС Куманово бр. 71/2 од 09.08.2018 година, Одлука од Управен одбор на ОФС Куманово

бр. 71/3 од 09.08.2018 година, Одлука од Управен одбор на ОФС Куманово бр. 71/4 од 09.08.2018 година, Уверение за кривична евиденција КР 6477/18 од 10.08.2018 издадена од Основен суд Куманово, Уверение за државјанство, Уверение од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа бр. 03-1697/293 од 15.08.2018 година Куманово и Записник од седница на Управен одбор на ОФС Куманово 71 од 09.08.2018 година.

Комисијата за избори и верификување врз основа на приложената документација ја утврди следната фактичка состојба: Општински фудбалски сојуз Куманово одржал седница на Управен одбор на ден 09.08.2018 година на која седница се донесени: одлука со која се прифатени оставките поднесени од Чедо Ангеловски – делегат на Собрание на ФФМ, Милорад Тренчевски, Еркан Јусуф и Неат Селими –заменици делегати на Собрание на ФФМ, одлука со која е предложен Вујадин Станојковиќ за делегат на Собранието на ФФМ, одлука со која е предложен Зоран Златановски за заменик делегат на Собранието на ФФМ и Одлука со која е преложен Вујадин Станојковиќ за кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија. На ден 10.08.2018 година со поднесок примен во ФФМ на ден 10.08.2018 под дел.бр. 0302-1817/1 се доставени горенаведените одлуки од седницата на Управниот одбор одржана на ден 09.08.2018 година, како и документи за кандидатот за Претседател. На ден 15.08.2018 година е доставена дополнителна документација за кандидатот за Претседател.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба Комисијата за избори и верификување врз основа на Записник од седница на УО на ОФС Куманово, одржана на 09.08.2018 година и Оставка од Чедо Ангеловски како делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2399/2018 на 24.07.2018 година, а имајќи ја во предвид одредбата од член 99 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, „ *Мандатот на членовите на УО, како и на делегатите на собранието, ќе се смета за прекинат во случај на: утврдување на трајна неспособност за вршење на функција или смрт; правосилна судска пресуда со која на членот му е изречена казна затвор во траење од 6 месеци и повеќе; изречена дисциплинкса мерка забрана на вршење функција во траење од 6 месеци и повеќе, од орган на ФФМ или потврдена од орган на ФФМ; неоправдано отсуство на повеќе од 3 (три) последователни седници и поднесување на оставка*" констатира прекин на мандатот на делегатот Чедо Ангеловски врз основа на член 99 став 1 алинеа 5 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија.

Комисијата за избори и верификување врз основа на: Записник од седница на УО на ОФС Куманово, одржана на 09.08.2018 година, Одлука од Управен одбор на ОФС Куманово бр. 71/1 од 09.08.2018 година, Оставка од Тренчевски Милорад како заменик делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2409/2018 на 24.07.2018 година, Оставка од Јусуф Еркан како заменик делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2410/2018 на 24.07.2018 година, Оставка од Селими Неат како заменик делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2406/2018 на 24.07.2018 година и, Записник од седница на Управен одбор на ОФС Куманово 71 од 09.08.2018 година, од која документација утврди дека тројцата заменици делегати од Општинскиот фудбалски сојуз Куманово и тоа г-дин Милорад Тренчевски, г-дин Еркан Јусуф и г-дин Неат Селими си поднеле оставки , а имајќи ја во предвид одредбата од член 51 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија во која е уредено „(1)Територијалните фудбалски организации определуваат листа на заменици делегати чиј број е идентичен на бројот на избраните делегати. (2)Мандатот на замениците делегати го утврдува Комисијата за избори и верификување, согласно редоследот на добиената листа од предметната територијална фудбалска организација. (3) Во случај на престанок на мандат на делегат на собрание согласно одредбите од член 99 од овој Статут, по верификување од страна на Генералното собрание

Комисија за избори и верификација

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 0207-1854/1
16.08.2018 год.

Врз основа на чл. 51, чл. 86, чл. 88 ст. 1 ал. 1 и ал. 2, чл. 99 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, а вв со член 12 од Правилникот за изборите на ФФМ, Комисијата за избори и верификација во состав: Владимир Гашевски – претседавач, Горан Каркински- член, Горанчо Костовски -член и Борче Размоски –член, постапувајки по допис со прилози од Општински фудбалски сојуз Неготино бр. 0301-52 од 04.08.2018 година, допис со прилози бр. 0301-53 од 04,08.2018 година и допис со прилози бр. 0301-62 од 14.08.2018 година на седница одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната :

## ОДЛУКА

1. **СЕ КОНСТАТИРА** прекин на мандатот на Г-дин Сашо Николов-делегат на Собрание на ФФМ од Општински фудбалски сојуз Неготино, поради поднесување оставка.

2. Предлогот за именување на делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Неготино согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38 од 23.05.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Харалампие Хаџи – Ристески за делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија на местото на Сашо Николов **СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОПУШТЕН**.

3. Предлогот за именување на заменик делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Неготино согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38/1 од 23.05.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Ангел Ташев за заменик делегат на Општинскиот фудбалски сојуз Неготино на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија **СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОПУШТЕН**.

4. Кандидатурата на г-дин Харалампие Хаџи-Ристески за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Неготино, врз основа на Одлука на Управниот одбор на ОФС Неготино бр. 0202-51 од 04.08.2018 година **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

5. Одлуката стапува на сила веднаш.

6. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за избори и верификување на седницата одржана на ден 16.08.2018 година, го разгледа дописот со прилози од Општински фудбалски сојуз Неготино бр. 0301-52 од 04.08.2018 година, примен во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 06.08.2018 година заведен под деловоден број 0302-1779/1, допис со прилози бр. 0301-53 од 04,08.2018 година, примен во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 10.08.2018 година, заведен под дел.бр. 0302-1818/1 како и допис бр. 0301-62 од 14.08.2018 година примен во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 15.08.2018 година заведен под дел.бр. 0302-1818/2, утврди дека Општинскиот фудбалски сојуз Неготино доставил: Изјава од Сашо Николов за поднесување оставка како делегат на Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија, заверена кај Нотар Ванчо Тренев - Неготино под УЗП бр. 2252/18 од 23.05.2018 година; Одлука од Управен одбор на ОФС Неготино бр. 0202-37 од 23.05.2018 година, со која е констатирана оставка на Сашо Николов како делегат на Собранието на ФФМ од ОФС Неготино; Одлука од Управен одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38 од 23.05.2018 година, со која на местото на Сашо Николов е предложен Харалампие Хаџи – Ристески за делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија; Одлука од Управен одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38/1 од 23.05.2018 година, со која се предлага Ангел Ташев како заменик делегат на Собранието на ФФМ од ОФС Неготино, Одлука од Управен одбор на ОФС Неготино бр. 0202-51 од

04.08.2018 година со која е предложен Харалмпие Хаџи – Ристески за Претседател на ФФМ, Потврда за казнена евиденција КР. 2638/18 од 25.07.2018 година од Основен суд Прилеп, Уверение за државјанство, Записник 11 бр. 0202-35 од Управен одбор на ОФС Неготино од 24.05.2018 година и Записник 13 бр. 0202-50 од 04.08.2018 година.

Комисијата за избори и верификување врз основа на приложената документација ја утврди следната фактичка состојба: Општинскиот фудбалски сојуз Неготино на седница на Управен одбор одржана на ден 23.05.2018 година донел одлука за констатирање на оставка на делегат на Собрание на ФФМ, одлука за делегат на собрание на местото на делегатот чија оставка е констатирана и одлука за заменик делегат на Собрание на ФФМ. На ден 06.08.2018 година ОФС Неготино со поднесок бр.0301-52 од 04.08.2018 година, примен во ФФМ на 06.08.2018 година под дел.бр. 0302-1779/1 доставил известување за промена на делегат и заменик на делегат на собрание на ФФМ од ОФС Неготино. На ден 04.08.2018 година Општински фудбалски сојуз Неготино на седница на Управен одбор донел одлука бр.0202-51 со која го предлага г-дин Харалампие Хаџи-Ристески за Претседател на ФФМ. На ден 10.08.2018 година со поднесок бр. 0301-53 од 04.08.2018 година до Фудбалската Федерација на Македонија е доставена кандидатура, во која е приложена Одлуката од Управниот одбор со горецитираните документи за кандидатот.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Комисијата за избори и верификување врз основа на Изјава од Сашо Николов за поднесување оставка како делегат на Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија, заверена кај Нотар Ванчо Тренев - Неготино под УЗП бр. 2252/18 од 23.05.2018 година, а имајки ја во предвид одредбата од член 99 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, „ *Мандатот на членовите на УО, како и на делегатите на собранието, ќе се смета за прекинат во случај на: утврдување на трајна неспособност за вршење на функција или смрт; правосилна судска пресуда со која на членот му е изречена казна затвор во траење од 6 месеци и повеќе; изречена дисциплинкса мерка забрана на вршење функција во траење од 6 месеци и повеќе, од орган на ФФМ или потврдена од орган на ФФМ; неоправдано отсуство на повеќе од 3 (три) последователни седници и поднесување на оставка*" констатира прекин на мандатот на делегатот Сашо Николов врз основа на член 99 став 1 алинеа 5 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија.

Комисијата за избори и верификување по разгледување на документација примена во Фудбалската Федерација на Македонија од Општински фудбалски сојуз Неготино на ден 06.08.2018 година заведена под дел. бр. 0302-1779/1, и тоа Одлука на Управниот одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38 од 23.05.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Харалампие Хаџи – Ристески за делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија на местото на Сашо Николов и Одлука на Управниот одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38/1 од 23.05.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Ангел Ташев за заменик делегат на Општинскиот фудбалски сојуз Неготино на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија, а имајки го во предвид член 51 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија„*(1)Територијалните фудбалски организации определуваат листа на заменици делегати чии број е идентичен со бројот на избраните делегати.(2) Мандатот на замениците делегати го утврдува Комисијата за избори и верификување, согласно редоследот на добиената листа од предметната територијална фудбалска организација. (3) Во случај на престанок на мандат на делегат на Собрание согласно одредбите по член 99 од овој Статут, по верификување од страна на Генералното Собрание мандатот го довршува заменик делегатот, согласно став 2 од овој член*"и со член 53 став 3 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија во кој е утврдено дека „(3)При исцрпување на листата на делегати на замена, истата не се надополнува" оцени дека предлозите за делегат и заменик делегат, согласно Одлуките на Управниот одбор на ОФС Неготино од 23.05.2018 година, примени во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 06.08.2018 година под дел. бр. 0302-1779/1 се недопуштени, од причина што

предложените лица не кореспондираат со листата на заменици делегати доставена од Општински фудбалски сојуз Неготино со известување бр. 0201-05 од 10.01.2018 година, примено во ФФМ на ден 11.01.2018 година под дел.бр. 0302-35/1 .

Комисијата за избори и верификување при одлучувањето ја имаше во предвид и одредбата од член 181 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија во која е утврдено дека „Одредбите од член 53 од овој Статут влегуваат во сила на 01.06.2018 година„, при што комисијата за избори и верификација оцени дека по 01.06.2018 година не може да постапува по доставено барање од 06.08.2018 година.

Истовремено Комисијата, одлучи дека кандидатурата за Претседател на ФФМ на г-дин Харалампие Хаџи-Ристески да ја одбие како неоснована од причина што не е утврден и верификуван делегат на Собранието на ФФМ, односно не го исполнува посебниот услов за кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија, утврден во член 91, став 1 од Статутот на ФФМ *„На предлог на надлежен орган на членките на ФФМ, Претседателот на ФФМ го избира Генералното собрание од редот на делегатите на Генералното собрание во пропишана постапка согласно утврдените критериуми на овој Статут. "*

Дополнително Комисијата утврди дека во документацијата не е приложен доказ за исполнетост на условите член 43 став 1 т.2 и т.3 .

Поради се претходно изнесено, Комисијата за избори и верификација на ФФМ.

**Комисија за избори и верификација**

Претседавач,

Владимир Гашевски с.р

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука подносителот има право на жалба до Комисијата за жалби во рок од 3 (три) дена од денот на прием на одлуката, преку архивата на ФФМ.

**ДН:**

Општински фудбалски сојуз Неготино
Генерален Секретар на ФФМ
Управен одбор на ФФМ
Собрание на ФФМ
Архива
Макфудбал

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр 0207-1855/1
16.08 2018 год

Комисија за избори и верификација

Врз основа на чл. 86, чл. 88 ст. 1 ал. 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, а вв со член 12 од Правилникот за изборите на ФФМ, Комисијата за избори и верификација во состав: Владимир Гашевски – претседавач, Горан Каркински- член, Горанчо Костовски -член и Борче Размоски –член, постапувајки по доставена кандидатура за Претседател од ОФС Ресен бр. 20 од 06.08.2018 година и Записник бр. 18 од.06.08.2018 година, на седница одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната :

## ОДЛУКА

1. Кандидатурата на г-дин Харалампие Хаџи-Ристески за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Ресен, врз основа на Одлука на Управниот одбор на ОФС Ресен со бр. 19 од 06.08.2018 година **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

2. Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за избори и верификување на седницата одржана на ден 16.08.2018 година, ја разгледа поднесената кандидатура од Општински фудбалски сојуз Ресен бр. 20 од 06.08.2018 година примен во ФФМ на ден 10.08.2018 година под дел.бр. 0302-1819/1 и тоа: Одлука на Управниот одбор на ОФС Ресен со бр. 19 од 06.08.2018 година, Потврда за казнена евиденција КР 2638/18 од 25.07.2018 издадена од Основен суд Прилеп, Уверение за државјанство и Записник од седница на Управен одбор на ОФС Ресен од 06.08.2018 година, примен во ФФМ на ден 15.08.2018 година, под дел.бр. 0302-1819/2.

Комисијата за избори и верификување врз основа на приложената документација ја утврди следната фактичка состојба: Општинскиот фудбалски сојуз Ресен одржал седница на Управен одбор на ден 06.08.2018 година, на која е донесена одлука со која го предлага г-дин Харалампие Хаџи-Ристески за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија. Комисијата утврди дека предложениот кандидат за Претседател на ФФМ од ОФС Ресен не е утврден и верификуван делегат на Собранието на ФФМ, согласно листата на утврдени и верификувани делегати на Собрание на ФФМ одржано на ден 17.02.2018 година, а во согласност со член 91.ст.1 од Статутот на ФФМ.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Комисијата одлучи кандидатурата за Претседател на ФФМ на г-дин Харалампие Хаџи-Ристески да ја одбие како неоснована од причина што предложениот кандидат не го исполнува посебниот услов за кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија, утврден во член 91, став 1 *„На предлог на надлежен орган на членките на ФФМ, Претседателот на ФФМ го избира Генералното собрание од редот на делегатите на Генералното собрание во пропишана постапка согласно утврдените критериуми на овој Статут.“*

Дополнително Комисијата утврди дека во документацијата не е приложен доказ за исполнетост на условите од член 43 став 1 т.2 и т.3 .

Поради се претходно изнесено, Комисијата за избори и верификација на ФФМ, донесе одлука како во диспозитивот.

**Комисија за избори и верификација**

Претседавач,

Владимир Гашевски с.р

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука подносителот има право на жалба до Комисијата за жалби во рок од 3 (три) дена од денот на прием на одлуката, преку архивата на ФФМ.

**ДН:**

Општински фудбалски сојуз Ресен
Генерален Секретар на ФФМ
Управен одбор на ФФМ
Собрание на ФФМ
Архива
Макфудбал

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 0207-1856/1
16.08.2018 год.

Врз основа на чл. 86, чл. 88 ст. 1 т. 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, а вв со член 12 од Правилникот за изборите на ФФМ, Комисијата за избори и верификација во состав: Владимир Гашевски – претседавач, Горан Каркински- член, Горанчо Костовски -член и Борче Размоски –член, постапувајки по достава на кандидатура за Претседател од ОФС Кавадарци бр. 03-43/18 од 09.08.2018 година, на седница одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната :

## ОДЛУКА

1. Кандидатурата на г-дин Сашко Тасев за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Кавадарци, врз основа на Одлука на Управниот одбор на ОФС Кавадарци со бр. 03-42/18 од 09.08.2018 година **СЕ ПРИФАЌА.**
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за избори и верификување на седницата одржана на ден 16.08.2018 година, ја разгледа поднесената кандидатура од Општински фудбалски сојуз Кавадарци бр. 03-43/18 од 09.08.2018 година примен во ФФМ на ден 10.08.2018 година под дел.бр. 0302-1822/1 и тоа: Одлука на Управниот одбор на ОФС Кавадарци со 03-42/18 од 09.08.2018 година, Записник од Управен одбор на ОФС Кавадарци бр. 03-41/18 од 09.08.2018 година, Потврда од Општински фудбалски сојуз Кавадарци бр. 03-40/18 од 08.08.2018 година, Извод од матична книга на родени од Сашко Тасев, Уверение за државјанство за Сашко Тасев, Уверение издадено од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци бр. 03-1446/2 од 08.08.2018 и Уверение за неосудуваност издадено од Основен суд Кавадарци Кр. Бр. 1679/2018 од 09.08.2018 година.

Комисијата за избори и верификување врз основа на приложената документација ја утврди следната фактичка состојба: Општински фудбалски сојуз Кавадарци одржал седница на Управен одбор на ден 09.08.2018 година на која седница донел одлука со која го предлагаат Сашко Тасев за кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија. Со поднесок бр. 03.-43/18 од 09.08.2018 година, Општински фудбалски сојуз Неготино, примен во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 10.08.2018 година, заведен под дел.бр. 0302-1822/1 ги доставил Записник од седницата на Управниот одбор, Одлуката за кандидатура, доставил Записник од Управен одбор на ОФС Кавадарци бр. 03-41/18 од 09.08.2018 година, Потврда од Општински фудбалски сојуз Кавадарци бр. 03-40/18 од 08.08.2018 година, Извод од матична книга на родени од Сашко Тасев, Уверение за државјанство за Сашко Тасев, Уверение издадено од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци бр. 03-1446/2 од 08.08.2018 и Уверение за неосудуваност издадено од Основен суд Кавадарци Кр. Бр. 1679/2018 од 09.08.2018 година. Комисијата по направен увид во Записник од одржана седница на комисија за избори бр. 0207-215/1 од 26.01.2017 година и Одлука бр. 0207-215/7 од 26.01.2018 година утврди дека Сашко Тасев е утврден за делегат на Собрание на ФФМ од Општински фудбалски сојуз Кавадарци со мандат од 2017 до 2021 година и Записник од Редовно Генерално Собрание на ФФМ од 18.02.2017 година утврди дека мандатот на делегатот

Сашко Тасев е верификуван на седница на Редовно Изборно Генерално Собрание на ФФМ одржано 18.02.2017 година.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Комисијата од документи потребни за утврдување на исполнетост на критериумите утврдени Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија и тоа: Одлука на Управниот одбор на ОФС Кавадарци со 03-42/18 од 09.08.2018 година, Записник од Управен одбор на ОФС Кавадарци бр. 03-41/18 од 09.08.2018 година, Потврда од Општински фудбалски сојуз Кавадарци бр. 03-40/18 од 08.08.2018 година, Извод од матична книга на родени од Сашко Тасев, Уверение за државјанство за Сашко Тасев, Уверение издадено од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци бр. 03-1446/2 од 08.08.2018 и Уверение за неосудуваност издадено од Основен суд Кавадарци Кр. Бр. 1679/2018 од 09.08.2018 година, согласно одредбата од член 43 став 1 и 2 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија – „(1)Кандидатот за Претседател, член на орган или тело на ФФМ мора кумулативно да ги исполнува следните услови: Да е државјанин на Република Македонија; Да е целосно деловно способен и да има наполнето најмалку 18 години; Активно да учествува во активностите на фудбалската организација како нејзин член; Во периодот на избор да не е суспендиран и да не издржува мерка забрана за вршење функција изречена или потврдена од орган на ФФМ, УЕФА и ФИФА; Да не е исклучен од членство. (2)Покрај наведените услови кандидатите за Претседател на ФФМ и членови на Управниот одбор на ФФМ, треба да достават и потврда за неосудуваност за кривични дела за кои се изрекува казна затвор во траење подолго од 6 (шест) месеци..", утврди дека Сашко Тасев ги исполнува општите услови од член 43 став 1 ал. 1, 2, 3 и став 2 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, додека врз основа на потврда од дисциплинската комисија согласно КОМЕТ евиденцијата, обезбедена по службена должност утврди дека е исполнет и условот од член 43 ст. 1 ал. 4 и 5.

Истовремено Комисијата за избори и верификација врз основа на Записник од одржана седница на комисија за избори бр. 0207-215/1 од 26.01.2017 година и Одлука бр. 0207-215/7 од 26.01.2018 година утврди дека Сашко Тасев е утврден за делегат на Собрание на ФФМ од Општински фудбалски сојуз Кавадарци со мандат од 2017 до 2021 година, а врз основа на Записник од Редовно Генерално Собрание на ФФМ од 18.02.2017 година утврди дека мандатот на делегатот Сашко Тасев е верификуван на седница на Редовно Изборно Генерално Собрание на ФФМ одржано 18.02.2017 година, со што е исполнет посебниот услов, утврден во член 91, став 1 „На предлог на надлежен орган на членките на ФФМ, Претседателот на ФФМ го избира Генералното собрание од редот на делегатите на Генералното собрание во пропишана постапка согласно утврдените критериуми на овој Статут. "

Имајки во предвид се погоре наведено, Комисијата за избори и верификација донесе одлука како во диспозитивот.Поради се претходно изнесено, Комисијата за избори и верификација на ФФМ, донесе одлука како во диспозитивот.

**Комисија за избори и верификација**

Претседавач,

Владимир Гашевски с.р

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука подносителот има право на жалба до Комисијата за жалби во рок од 3 (три) дена од денот на прием на одлуката, преку архивата на ФФМ.

**ДН:**

Комисија за избори и верификација

Општински фудбалски сојуз Кавадарци
Генерален Секретар на ФФМ
Управен одбор на ФФМ
Собрание на ФФМ
Архива
Макфудбал

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 10 - 1853/4
21.08.2018 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски - претседавач, Димитар Трајчевски - член, Симона Костадинова - член, Сандра Михајловски – член, постапувајќи по жалбата

Трета лига Запад согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Тетово од 09.08.2018 година, заведена под дел.бр 0301-5 со која Управниот одбор именува делегат на Трета лига Запад на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија е отфрлен како недопуштен; во т.3 Кандидатурата на г-дин Влатко Костов за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Тетово, врз основа на Одлука на бр. 0301-4 од 10.08.2018 година е одбиена како неоснована.

Комисијата констатира дека жалбата е поднесена навремено во согласност со правната поука искажана во Одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1853/1 од 16.08.2018 година.

Незадоволен од одлуката, жалителот во жалбата наведува дека Комисијата за избори и верификација погрешно извела заклучок кога при одлучување го применила само Статутот на ФФМ , при одлучување требала да го примени и Статутот на ОФС Тетово кој за разлика од член 99 од Статутот на ФФМ кој не предвидува престан на мандат поради отповикување, предвидува уште еден дополнителен основ за престан на мандат за делегат. Според жалителот начинот на избор и/или именување на делегати не е предвиден во Статутот на ФФМ туку е оставено тоа да се уреди со интерни акти на членките. Потоа наведува дека согласно член 28 од Статутот на ОФС Тетово Управниот одбор на ОФС Тетово има право помеѓу две собранија да именува нови свои делегати на Собрание. Жалителот наведува дека логично би било ако Управниот одбор имал право да ги именува помеѓу две седници на Собранието, да има право и да ги отповика претходно именуваните и/или избрани делегати што би претставувало уште еден случај на престанување на мандат на делегатите кои доаѓаат на Собранието на ФФМ да го претставуваат ОФС Тетово. Понатаму жалителот вели дека уште едниот основ за престанок на мандат е само дополнување на одредбата на Статутот на ФФМ, и ОФС има право да го направи и предвиди тоа. Имено според жалителот со пониският акт на поспецифичен начин да се доуредат односите опфатени со одредбите на повисокиот акт е нормална вообичаена работа во правото. Улогата на пониските акти е токму доуредување на поспецифичен начин на односите во одредена област. Жалителот исто така наведува дека додека трае рокот за поднесување на предлог за делегати и Претседател на ФФМ во ОФС Тетово е настаната правна ситуација односно Собранието на ОФС Тетово за избор на Фисник Хисеини за Претседател на ОФС Тетово е поништен од страна на Централниот регистар на Р.Македонија и како Претседател се именува сегашниот претседател Мехмет Абдиу. Жалителот наведува дека следствено, правно гледано, сите одлуки донесени на тогашното Собрание на ОФС Тетово меѓукои и одлуката за избор на делегати на ОФС Тетово се поништуваат и Собранието се смета како воопшто да не се одржало, а тоа би значело дека на тие делегати им престанува мандатот по сила на Статутот на ОФС Тетово. Следствено, наведува жалителот, законскиот Управен одбор на ОФС Тетово со Претседателот Мехмет Абдиу носи полноправна одлука со која именува нови делегати на Вонредното собрание. Од тие причини Комисијата за избори и верификација не можела да го отфрли предлогот за именување на делегати и заменици делегати како и да го одбие предлогот за кандидатура на Влатко Костов за Претседател на ФФМ. Жалителот понатаму наведува дека во Одлуката на второстепената комисија ( се мисли на Комисијата која одлучува по жалби на решенија на Централен регистар) споменато е дека уписот е поништен поради наводите кои во жалбата биле изнесени во однос на

нелегитимноста на собранието(на ОФС Тетово во 2017 г)па старо-новиот Претседател свикал Управен одбор на ОФС кој сметајќи дека Собранието на ОФС Тетово на кое биле избрани претходните делегати е нелегитимно одржано, ги отповикал делегатите и именувал нови. Жалителот се повикува на член 88 од Статутот на ФФМ и смета дека Комисијата не одлучувала согласно надлежностите и дека единствена надлежност на Комисијата е само да утврди дали предложените делегати се предложени согласно Статутот на ОФС Тетово.

Жалителот бара од Комисијата за жалби службено да ги прибави доставените документи од страна на ОФС Тетово , жалбата да ја усвои и да ја укине Одлуката на Комисијата за избори и верификација при ФФМ бр. 0207-1853/1 од 16.08.2018 година, предметот да го врати на повторно разгледување или жалбата да ја усвои и да ја преиначи одлуката на начин што ќе ги прифати новите делегати и ќе ја прифати предложената кандидатура. Жалителот истотака предлага Комисијата за жалби и ад-хок Комисијата на Управниот одбор на ФФМ за избори на Вонредното собрание на ФФМ, да одржат јавна расправа на која бараат да бидат повикани.

Од списите на предметот Комисијата утврди дека жалителот поднел документација до Фудбалската федерација на Македонија и тоа: допис со прилози од Општински фудбалски сојуз Тетово бр. 0301-6 од 10.08.2016 година, примен во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 11.08.2018 година заведен под деловоден број 0302-1824/1 - Одлука на Управниот одбор од 09.08.2018 година заведена под дел.бр. 0301-3 на ден 10.08.2018 година со која ги отповикува именуваните делегати на Собранието на ФФМ од ОФС Тетово и Трета лига Запад и со истата одлука именува нови делегати и нивни заменици делегати од страна на ОФС Тетово на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија; Одлука на Управен одбор од 09.08.2018 година заведена под дел.бр. 0301-5 на ден 10.08.2018 година со која се именува нов делегат и нов заменик делегат на Собранието на ФФМ од Трета лига Запад; Записник од УО од седница одржана на 09.08.2018 година на ОФС Тетово, примено во ФФМ на 15.08.2018 година, под дел.бр. 0302-1824/3; Потврда за казнена евиденција за Влатко Костов, издадена од Основен суд Штип со одделение во Пробиштип Кр.бр. 2824/18 од 08.08.2018 година; Уверение за државјанство за Влатко Костов; Копија од лична карта бр. А0364378; Лекарско уверение од Приватна здравствена установа – ординација по општа медицина СПОРТМЕДИКА бр. 78/18 од 08.08.2018 година; Одлука бр. 0301-4 од 10.08.2018 година од Општински фудбалски сојуз Тетово за кандидат за Претседател, Записник од седница на Управен одбор на ОФС Тетово од 09.08.2018 година, Потврда бр. 0302-31/18 од 15.08.2018 година од ОФС Тетово, Уверение од Основен суд Штип РВПП-830/18 од 15.08.2018 година. Дополнително како прилози на жалбата Комисијата ги разгледа и Тековна состојба на ОФС Тетово од 08.082018 година; Одлука на Комисија за жалби бр. 3202-16/1 од 03.08.2018 година, копија од стр.13 од Статутот на ОФС Тетово.

Комисијата по службена должност го побара на увид Статутот на ОФС Тетово, Записникот од одржана седница на Комисијата за избори и верификација на ФФМ на ден 12.01.2018 година, заведен во ФФМ под дел бр. 0207-55/1 на 12.01.2018 година,Одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ донесена на седница одржана на 12.01.2018 година заведена под дел бр. 0207-55/3 на ден 12.01.2018 година, Записникот од одржано редовно генерално собрание на Фудбалската Федерација на Македонија од ден 17.02.2018 година, заведен под дел бр. 0201-474/17 на 21.02.2018 година и Одлуката од Редовно

генерално Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија одржано на ден 17.02.2018 година, заведена под дел.бр. 0201-474/1 на 20.02.2018 година

По разгледување на целокупната документација а во врска со жалбениот навод дека првостепениот орган при одлучување требал да го земе во предвид и Статутот на ОФС Тетово, Комисијата утврди дека првостепениот орган при одлучување ги земал во предвид сите доставени документи од страна на жалителот во првостепената постапка како и Статутот на ОФС Тетово. Биле разгледани и дел од прилозите кон жалбата – новата тековна состојба. Комисијата утврди дека првостепениот орган правилно утврдил дека Општинскиот фудбалски сојуз Тетово на ден 09.09.2018 година со известување бр. 0301-1 од 09.08.2018 година доставил тековна состојба од Централен регистар на РМ со која известува дека е извршена промена на овластено лице на ОФС Тетово. Врз основа на документација од ОФС Тетово бр. 0301-6 од 10.08.2018 година со прилози, првостепениот орган правилно утврдил дека Управниот одбор на ОФС Тетово одржал седница на ден 09.08.2018 година на која донел Одлука со која се отповикуваат делегати на Собрание на ФФМ од ОФС Тетово и се именуваат нови делегати и нивни заменици, Одлука со која се именува делегат и заменик делегат од Трета лига Запад и Одлука со која се предлага Влатко Костов за кандидат за Претседател на Фудбалска Федерација на Македонија. Од образложението на нападнатата одлука, евидентно е дека при одлучување бил земен во предвид член 28 од Статутот на ОФС Тетово во насока на утврдување дали органот кој ја поднел докуменатацијата бил надлежен за истото, имено Предлогот за нови делегати не е отфрлен поради утврдена ненадлежност на Управниот одбор на ОФС Тетово.

Првостепениот орган врз основа на Одлука која ја донел на седница одржана на 12.01.2018 година заведена под дел бр. 0207-55/3 на ден 12.01.2018 година исправно констатирал дека на делегатите : г-дин Фисник Хисени, г-дин Дритон Муслиу и г-дин Јовица Илиевски им се утврдени мандатите како делегати на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општински фудбалски сојуз Тетово за периодот од 2018 до 2021 година, а на г-дин Мујдин Исмаили му е утврден делегатски мандат како делегат на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија од трета лига Запад. Врз основа на записникот од одржано Редовно генерално собрание на Фудбалската Федерација на Македонија од ден 17.02.2018 година, и Одлуката од Редовно генерално Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија заведена под дел.бр. 0201-474/1 на 20.02.2018 година првостепениот орган исправно констатирал дека на вака утврдените делегати, мандатите им се верификувани на Редовна седница на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија одржано на ден 17.02.2018 година.

Врз основа на вака утврдена фактичка состојба а имајќи го во предвид член 99 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија каде е уреден начинот на престанок на мандат на делегат на Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија, „Мандатот на членовите на УО, како и на делегатите на собранието, ќе се смета за прекинат во случај на: утврдување на трајна неспособност за вршење на функција или смрт; правосилна судска пресуда со која на членот му е изречена казна затвор во траење од 6 месеци и повеќе; изречена дисциплинкса мерка забрана на вршење функција во траење од 6 месеци и повеќе, од орган на ФФМ или потврдена од орган на ФФМ; неоправдано отсуство на повеќе од 3 (три) последователни седници и поднесување на оставка" , првостепениот орган правилно утврдил дека не

настанале околности утврдени во Статутот кои би предизвикале престанок на мандатите на делегатите утврдени со Одлука на Комисијата за избори и верификација, верификувани на Редовното генерално Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија одржано на ден 17.02.2018 година.

За оваа Комисија не е спорен наводот дека Управниот одбор на ОФС Тетово имал право помеѓу две седници на своето Собрание да носи одлуки за именување на нови делегати за Собранието на ФФМ. Секој правен субјект самостојно одлучува како ќе ги уредува внатрешните односи, истото се однесува и на ОФС Тетово. За измените и дополнувањата на Статутот на ОФС Тетово одлучуваат членките на ОФС Тетово, изборот на делегати исто така се утврдува во Статутот на ОФС. Од оној момент кога предложените делегати од ОФС Тетово, стануваат делегати на ФФМ со верификувани мандати, нивниот делегатски статус како делегати на Собранието на ФФМ се регулира исклучиво со одредбите на Статутот на ФФМ. Статутите на двете здруженија како независни правни субјекти ги регулираат целите на организирање, членството, органите , надлежностите и друго, истите не се субординирани, не се надополнуваат, туку се усогласуваат. Одредбите на Статутот на ОФС Тетово кои се поврзани со стекнување на статусот на членка на ФФМ, црпење на права и обврски од статусот на членка на ФФМ, треба да бидат усогласени со одредбите на Статутот на ФФМ како што е и утврдено во член 180 од Статутот каде стои дека "Членките на ФФМ имаат обврска да ги усогласат статутите и другите акти на членката со овој Статут.."

Од тие причини неосновани се наводите дека логично би било ако Управниот одбор на ОФС Тетово имал право да ги именува помеѓу две седници на Собранието да има право и да ги отповика претходно именуваните и/или избрани делегати што би претставувало уште еден основ за престанок на мандат и би значело само дополнување на одредбата на Статутот на ФФМ кое ОФС има право да го направи и предвиди.

Од истите причини неприменлива е и аналогија во жалбените наводи во врска со улогата на пониските акти дека е токму доуредување на поспецифичен начин на односите во одредена област. ОФС Тетово со својот Статут може да предвиди доуредување на односи со своите членки во рамките на своето организирање.

Комисијата го најде како нерелевантен жалбениот навод дека за времетраење на рокот за поднесување на предлог за делегати и Претседател на ФФМ е новонастанатата правна ситуација поради која е донесена одлука за отповикување на верификуваните делегати и именување на нови делегати.

Комисијата најде дека новонастанатата правна ситуација не била предмет на разгледување на првостепениот орган како и дека првостепениот орган немал надлежност да постапува по истата. Причините поради кои се отповикани верификуваните делегати на ОФС Тетово се нерелевантни, бидејќи отповикувањето на делегат не е предвидено како услов за престан на мандат со член 99 од Статутот на ФФМ.

Во врска со овој навод Комисијата упатува дека на Вонредното собрание на ФФМ закажано за 01.09.2018 година се бира само Претседател на ФФМ за остатокот од мандатот, а не и делегати кои имаат мандат до 2021година.

За новонастанатата правна ситуација во ОФС Тетово Комисијата констатира дека надлежност да одлучува има Управниот одбор на ФФМ.

Комисијата утврди дека целосно неоснован е жалбениот навод дека единствена надлежност на Комисијата е само да утврди дали предложените делегати се предложени согласно Статутот на ОФС Тетово. Комисијата за

избори и верификација работела согласно надлежностите дадени во член 88 од Статутот на ФФМ според кој:

„ Комисијата има надлежност:

- да го организира , координира и надгледува изборниот процес уреден со одредбите на овој Статут и Правилникот за избори ;
- да ги утврдува мандатите на делегатите и му предлага на собранието верификација на истите;
- да го утврди кворумот за работа на Генералното собрание.

Организирањето на изборниот процес од став 1 алинеа 1 и 2 на член 88 од Статутот на ФФМ претпоставува утврдување на исполнетост на условите на предложените делегати и предложените кандидати.

Во врска со барањето на жалителот, Комисијата за жалби и ад-хок Комисијата на Управниот одбор на ФФМ за избори на Вонредното собрание на ФФМ да одржат јавна расправа на која бараат да бидат повикани, Комисијата за жалби се произнесе дека истата е орган на Собранието на ФФМ и одлуките ги носи независно од другите органи на Собранието на ФФМ.

Врз основа на одредбите на Статутот на ФФМ и се погоре наведено, Комисијата за жалби донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
Претседавач,
Дејан Николоски

доставено до:
- жалителот
- Комисија за избори и верификација на ФФМ
- Управен одбор на ФФМ
- Собрание на ФФМ
- Генерален секретар на ФФМ
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 10 - 1853/5 21.08.2018 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски - претседавач, Димитар Трајчевски - член, Симона Костадинова - член, Сандра Михајловски – член, постапувајќи по жалбата поднесена од Општински фудбалски сојуз Тетово,пр.бр. 10-1853/3 од 17.08.2018 година против одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1853/1 од 16.08.2018 година, врз основа на член 143 и 144 од Статутот на ФФМ, на седницата одржана на ден 21.08.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Жалбата поднесена од Влатко Костов преку полномошникот Адвокат Филип Медарски , примена во ФФМ на 18.08.2018 година со дел.број 10-1853/3, **се одбива како неоснована**.

2. **Се потврдува** одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1853/1 од 16.08.2018 година, со која во т.1 Предлогот за именување на нови делегати и нивни заменици на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Тетово согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Тетово од 09.08.2018 година, заведена под дел.бр 0301-3 со која Управниот одбор ги отповикал утврдените и верификувани делегати од ОФС Тетово на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОПУШТЕН; во т.2 Предлогот за именување на делегат и заменик делегат на Собрание на ФФМ од Трета лига Запад согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Тетово од 09.08.2018 година, заведена под дел.бр 0301-5 со која Управниот одбор именува делегат на Трета лига Запад на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОПУШТЕН; во т.3 Кандидатурата на г-дин Влатко Костов за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Тетово, врз основа на Одлука на бр. 0301-4 од 10.08.2018 година СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА**.**

3. Одлуката е конечна.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Влатко Костов, непосредно до архивата на Фудбалската Федерација на Македонија,преку полномошникот Адвокат Филип Медарски на ден 18.08.2018 година достави жалба заведена во ФФМ со дел.број 10-1853/3.

Жалбата е изјавена против одлуката на на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1853/1 од 16.08.2018 година, со која во т.1 Предлогот за именување на нови делегати и нивни заменици на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Тетово согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Тетово од 09.08.2018 година, заведена под дел.бр 0301-3 со која Управниот одбор ги отповикал утврдените и верификувани делегати од ОФС Тетово на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија е отфрлен како недопуштен; во т.2 Предлогот за именување на делегат и заменик делегат на Собрание на ФФМ од

Трета лига Запад согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Тетово од 09.08.2018 година, заведена под дел.бр 0301-5 со која Управниот одбор именува делегат на Трета лига Запад на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија е отфрлен како недопуштен; во т.3 Кандидатурата на г-дин Влатко Костов за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Тетово, врз основа на Одлука на бр. 0301-4 од 10.08.2018 година е одбиена како неоснована.

Жалбата е поднесена навремено во согласност со правната поука искажана во Одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1853/1 од 16.08.2018 година.

Незадоволен од одлуката, жалителот во жалбата наведува дека со Одлуката е сторена суштествена повреда на Статутот на ФФМ, основните принципи на УЕФА и ФИФА, Уставот на РМ, позитивните законски прописи во република Македонија; дека е погрешно утврдена фактичката состојба , дека има погрешна примена на Статутот на ФФМ, основните принципи на УЕФА и ФИФА, Уставот на РМ, позитивните законски прописи во република Македонија; злоупотреба и пречекорување на надлежности од страна на Комисијата за избори и верификација. Жалителот наведува дека диспозитивот на одлуката е нејасен, контрадикторен и спротивен на Статутот на ФФМ со отфрлањето на предлогот за нови делегати и нивни заменици и одбивање на предлогот за кандидат за претседател е сторена суштествена повреда на Статутот на ФФМ, основните принципи на УЕФА и ФИФА, Уставот на РМ, позитивните законски прописи во република Македонија. Повредата е сторена бидејќи со ниту една статутарна одредба не е предвидено право и надлежност на Комисијата за избори и верификација да дерогира изворни права на членките на ФФМ утврдени со Статутот на ФФМ како што е правото да предлага делегати во Собранието на ФФМ.

По разгледување на целокупната документација Комисијата утврди дека првостепениот орган фактичката состојба ја утврдил врз основа на: допис со прилози од Општински фудбалски сојуз Тетово бр. 0301-6 од 10.08.2016 година, примен во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 11.08.2018 година заведен под деловоден број 0302-1824/1 - Одлука на Управниот одбор од 09.08.2018 година заведена под дел.бр. 0301-3 на ден 10.08.2018 година со која ги отповикува именуваните делегати на Собранието на ФФМ од ОФС Тетово и Трета лига Запад и со истата одлука именува нови делегати и нивни заменици делегати од страна на ОФС Тетово на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија; Одлука на Управен одбор од 09.08.2018 година заведена под дел.бр. 0301-5 на ден 10.08.2018 година со која се именува нов делегат и нов заменик делегат на Собранието на ФФМ од Трета лига Запад; Записник од УО од седница одржана на 09.08.2018 година на ОФС Тетово, примено во ФФМ на 15.08.2018 година, под дел.бр. 0302-1824/3; Потврда за казнена евиденција за Влатко Костов, издадена од Основен суд Штип со одделение во Пробиштип Кр.бр. 2824/18 од 08.08.2018 година; Уверение за државјанство за Влатко Костов; Копија од лична карта бр. А0364378; Лекарско уверение од Приватна здравствена установа – ординација по општа медицина СПОРТМЕДИКА бр. 78/18 од 08.08.2018 година; Одлука бр. 0301-4 од 10.08.2018 година од Општински фудбалски сојуз Тетово за кандидат за Претседател, Записник од седница на Управен одбор на ОФС Тетово од 09.08.2018 година, Потврда бр. 0302-31/18 од 15.08.2018 година од ОФС Тетово, Уверение од Основен суд Штип РВПП-830/18 од 15.08.2018 година.

10

Дополнително Комисијата констатира дека во вториот дел од жалбеното барање жалителот истовремено поднесува Барање за заштита на законитост. Во прилог на барањето е поднесено полномошно со кое се ополномоштува адвокатот Филип Медарски да поднесе жалба против нападнатата одлука како и извадоци од тековни состојби од Централен регистар од други правни лица.

По разгледување на целокупната документација Комисијата утврди дека првостепениот орган правилно утврдил дека Општинскиот фудбалски сојуз Тетово на ден 09.09.2018 година со известување бр. 0301-1 од 09.08.2018 година доставил тековна состојба од Центарен регистар на РМ со која известува дека е извршена промена на овластено лице на ОФС Тетово. Врз основа на документација од ОФС Тетово бр. 0301-6 од 10.08.2018 година со прилози, првостепениот орган правилно утврдил дека Управниот одбор на ОФС Тетово одржал седница на ден 09.08.2018 година на која донел Одлука со која се отповикуваат делегати на Собрание на ФФМ од ОФС Тетово и се именуваат нови делегати и нивни заменици, Одлука со која се именува делегат и заменик делегат од Трета лига Запад и Одлука со која се предлага Влатко Костов за кандидат за Претседател на Фудбалска Федерација на Македонија.

Првостепениот орган врз основа на Одлука која ја донел на седница одржана на 12.01.2018 година, заведена под дел бр. 0207-55/3 на ден 12.01.2018 година исправно констатирал дека на делегатите : г-дин Фисник Хисени, г-дин, Дритон Муслиу и г-дин Јовица Илиевски им се утврдени мандатите како делегати на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општински фудбалски сојуз Тетово за периодот од 2018 до 2021 година, а на г-дин Мујдин Исмаили му е утврден делегатски мандат како делегат на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија од Трета лига Запад. Врз основа на записникот од одржано Редовно генерално собрание на Фудбалската Федерација на Македонија од ден 17.02.2018 година, и Одлуката од Редовно генерално Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија заведена под дел.бр. 0201-474/1 на 20.02.2018 година, првостепениот орган исправно констатирал дека на вака утврдените делегати, мандатите им се

Во врска со жалбените наводи за наводна злоупотреба и пречекорување на надлежности на првостепениот орган, заради излегување од својата надлежност поради носење на нападната одлука ( т.1 и т3) со што ги дерогирала изворните права на членките на ФФМ утврдени со Статутот на ФФМ, како што е правото да предлага делегати во Собранието на ФФМ, Комисијата утврди дека Комисијата за избори и верификација на ФФМ има надлежности утврдени во Статутот. Имено во чл. 88 од Статутот на ФФМ, е уредено: „Комисијата има надлежност:

- да го организира , координира и надгледува изборниот процес уреден со одредбите на овој Статут и Правилникот за избори ;
- да ги утврдува мандатите на делегатите и му предлага на собранието верификација на истите;
- да го утврди кворумот за работа на Генералното собрание". Од цитираниот член неспорно извира надлежноста на Комисијата за избори и верификација да ги утврдува мандатите на делегатите и да предложи верификација на утврдените мандати на Собрание на ФФМ. Понатака во чл. 91 ст. 1 и 4 од Статутот на ФФМ е уредено„ (ст 1) На предлог на надлежен орган на членките на ФФМ, Претседателот на ФФМ го избира Генералното собрание од редот на делегатите на Генералното собрание, во пропишана постапка согласно утврдените критериуми во овој Статут.

(ст 4) За исполнетоста на критериумите на кандидатите за претседател одлучува Комисијата за избори и верификување". Од цитираниот член неспорна е надлежноста на Комисијата за избори и верификација да одлучува во однос на исполнетоста на критериумите на кандидатите за Претседател.

ОФС Тетово како и сите други членки на ФФМ, своите права како членки на ФФМ ги остваруваат врз основа на одредбите на Статутот на ФФМ . Со Статутот на ФФМ е предвидена постапка и се пропишани услови под кои членката ги остварува своите права и обврски кои произлегуваат од членство а наведени и во одредбите на Статутот, дел цитирани од жалителот како во член 36,37,42,47,53 од Статутот на ФФМ **,од кои поврзани со изборниот процес:** се чл. 36 ст.1 ал.1,2,3 и ст.2, член 37 ст.1, ал. 5,10,12,13,15,16, 19 и ст.3, член.42 ст.1,2,9 и 10, чл.47, чл.53 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:

**„Член 36 став 1 алинеа 1,2,3 и став 2**

(1)Членките на ФФМ имаат право:

- да бидат повикани согласно воспоставена процедура, да учествуваат во работата на Собранието и преку свои избрани претставници-делегати на Собранието на ФФМ да го остваруваат своето право на глас;
- да даваат предлози за дневен ред за седница на Собранието;
- да предлагаат кандидати за органите и телата на ФФМ;

(2) Начинот на извршување на овие права е предмет на понатамошно регулирање со одредбите на овој Статут.

**Член 37 став 1 алинеа 5,10,12,13,15,16,19 и став 3**

(став 1)Членките на ФФМ ги имаат следните обврски:

(5)- да ги решаваат сите евентуални недоразбирања во рамките на фудбалската организација преку дијалог и решенија кои се во интерес на фудбалот на територија на Република Македонија;

(10)- да известуваат за промена на своите акти;

(12)- да гарантираат целосна независност на текот на изборите за управен орган и изборот и именувањето на членови на останатите тела;
(13)- да ја информираат ФФМ во писмена форма, за датумот и местото на одржување на седница на Собранието и да побараат присуство на овластен претставник од ФФМ, најмалку 10 (десет) дена пред денот на одржување на собранието;
(15)- да учествуват во работата на Собранието на ФФМ, бираат или предлагаат делегати за Собранието на ФФМ;
(16)- да учествуваат во процесот на донесување одлуки на Собранието на ФФМ и останатите органи и тела на ФФМ;
(19)- да ги усогласуваат своите статути и други акти со Статутот и актите на ФФМ;
(став 3) Одлуките донесени од тела кои не се избрани на пропишаниот начин немаат правно дејство и не се признаваат во рамките на фудбалската организација.

**Член 42, став 1,2,9 и10**
(1)Органите на ФФМ се избираат односно назначуваат во пропишана постапка без влијание на надворешни трети лица.
(2)Кандидати за орган или тело на ФФМ предлагаат членките на ФФМ и/или Претседателот на ФФМ и/или Управниот одбор на ФФМ.
(9)Член на еден статутарен орган не може за времетраење на мандатот да биде член на Телата за лиценцирање.
(10)Член на еден статутарен орган не може за времетраење на мандатот да биде член и на друг статутарен орган со исклучок како во одредбите на овој Статут.

**Член 47**
Собранието го сочинуваат делегати-претставници на членките на ФФМ.
Структурата на делегатите е определена со одредбите на овој Статут.
Работата на Генералното собрание се уредува со Деловник за работа.
Деловникот на Генералното собрание се усвојува со мнозинство од присутните делегати.

**Член 53**
Бројот на мандатите во Генералното собрание се утврдува на изборното собрание и истиот е константен за време на еден изборен циклус од 4 години.
Бројот на мандатите може да се зголеми односно намали во следните случаи:
- Прием на нова членка;
- Исклучување на членка;
При исцрпување на листата на делегати за замена , истата не се надополнува.
На членката под суспензија за времетраење на суспензијата и мирува правото на учество во работатата во собранието. "

Согласно списите од предметот, утврдената фактичка состојба, погоренаведените права и обврски на членките како и надлежностите на првостепениот орган, Комисијата утврди дека на жалителот не му се дерогирани правата да предлага делегати- представници во Собранието на ФФМ како и другите права поврзани со учество во работата на Собранието. Првостепениот орган во образложението на нападната одлука правилно утврдил дека ОФС Тетово го искористил правото и предложил делегати за

Собранието на ФФМ. Истото го сторил по спроведената постапка за утврдување на делегати што е во надлежност на Комисијата за избори а утврдувањето вклучува покрај другото дали предлогот е во согласност со одредбите на Статутот на ФФМ од член 50,51,53,54,56,57 и 99 кој е погоре цитиран, и дали предлогот е поднесен од надлежен орган. Доказ дека правото е искористено е Одлука на првостепениот орган бр. 0207-55/3 од 12.01.2018 година со кој делегатите на ОФС Тетово биле утврдени а потоа и верификувани од страна на Собранието на ФФМ на седница од 17.02.2018 година со одлука заведена со дел.бр. 0201-474/1 на 20.02.2018 година.

се цитира:

**Член 50, став 1,2,3 и 4**

(1)Бројот на делегатите на собранието се утврдува во зависност од структурата на територијалните фудбалски организации и бројот на членки кои доаѓаат од организациите на фудбалските чинители.

(2)Општинските фудбалски сојузи ,како основни територијални фудбалски организации, во структурата на собранието се застапени со најмалку еден делегат.

(3)Бројот на делегати по ОФС се зголемува во зависност од бројот на активно вклучени клубови во системот за натпреварување согласно член 31 од овој Статут, и тоа, секој ОФС како член на РФС кој брои:

- од 11 до 15 клуба добива уште 1 (еден)делегат;
- од 16 до 20 клуба добива уште по 1(еден) делегат;
- од 21-30 клуба дополнително добива уште по 1 делегат;

(4) Доколку во составот на РФС има ОФС во кое активно се вклучени повеќе од 31 клуб, тие ОФС дополнително се стекнуваат со правото да делегираат уште 1(еден) делегат.

**Член 51**

Територијалните фудбалски организации определуваат листа на заменици делегати чиј број е идентичен на бројот на избраните делегати.

Мандатот на замениците делегати го утврдува Комисијата за избори и верификување, согласно редоследот на добиената листа од предметната територијална фудбалска организација .

Во случај на престанок на мандат на делегат на собрание согласно одредбите од член 99 на овој Статут, по верификување од страна на Генералното собрание, мандатот го довршува заменик делегатот, согласно став 2 (два) од овој член.

**Член 53**

Бројот на мандатите во Генералното собрание се утврдува на изборното собрание и истиот е константен за време на еден изборен циклус од 4 години.

Бројот на мандатите може да се зголеми односно намали во следните случаи:

- Прием на нова членка;
- Исклучување на членка;

При исцрпување на листата на делегати за замена , истата не се надополнува.

На членката под суспензија за времетраење на суспензијата и мирува правото на учество во работатата во собранието.

**Член 54**

Делегатите на Генералното собрание за времетраењето на мандатот не можат во исто време да бидат членови на Надзорниот одбор и лиценцните тела на ФФМ.

Делегатите на Генералното собрание за времетраењето на мандатот не можат во исто време да бидат членови на друг статутарен орган на ФФМ со исклучок утврден во овој Статут.

**Член 55**
Делегатите на собранието имаат право да бидат бирани за членови на постојани и ад-хок тела на статутарните органи.

**Член 56**
Судиите и контролорите кои активно вршат функција, судија и контролор, можат да ја вршат и функцијата делегат на собрание на ФФМ преку соодветното здружение на фудбалски чинители или преку ОФС доколку ја извршуваат функцијата Претседател на ОФС.

**Член 57**
Делегат на собрание не може да биде лице вработено во административниот орган за времетраење на договорот за вработување со исклучок како во одредбите на овој статут. "

Комисијата констатира дека со член 91 став 1 од Статутот на ФФМ, утврден е посебен услов потребен за поднесување на предлог за кандидат за Претседател на ФФМ. Комисијата за избори и верификација правилно постапила кога врз основа на погоренаведеното констатирала дека предложениот кандидат Влатко Костов нема делегатски статус поради што кандидатурата ја одбила како неоснована.

Согласно се погоренаведено, Комисијата најде дека се целосно неосновани жалбените наводи според кои со нападната одлука е сторена суштествена повреда на Статутот на ФФМ, основните принципи на УЕФА и ФИФА, Уставот на РМ, позитивните законски прописи во Република Македонија, дека е погрешно утврдена фактичката состојба , дека има погрешна примена на Статутот на ФФМ, основните принципи на УЕФА и ФИФА, Уставот на РМ, позитивните законски прописи во Република Македонија; злоупотреба и пречекорување на надлежности, заради излегување од својата надлежност и носење на нападната одлука ( т.1 и т3) и со одбивање на предлогот за кандидат за претседател е сторена суштествена повреда на Статутот на ФФМ, основните принципи на УЕФА и ФИФА, Уставот на РМ, позитивните законски прописи во Република Македонија, поради тоа што со носењето на одлуката ги дерогирала изворните права на членките на ФФМ утврдени со Статутот на ФФМ, како што е правото да предлага делегати во Собранието на ФФМ и извршила нарушување на интегритетот на постапката за избор на претседател.

Нападнатата одлука е во целост донесена согласно одредбите на Статутот на ФФМ наведени погоре, кој е во согласност со основните принципи на УЕФА и ФИФА, Уставот на РМ, и позитивните законски прописи во Република Македонија. Фактичката состојба е исправно утврдена врз основа на поднесена документација од страна на ОФС Тетово како предлагач и одлуки на првостепениот орган и Собранието на ФФМ (наведени погоре). Комисијата за избори и верификација не ги злоупотребила ниту пречекорила своите надлежности. Надлежностите за утврдување на делегатските мандати (член 88 став 2 од Статутот на ФФМ) и утврдување на исполнетоста на критериумите на кандидатите за претседател (член 91 став 4 од Статутот на ФФМ) се неспорни.

Комисија за жалби на ФФМ

Ценењето на исполнетост на сите услови па и на посебниот услов за кандидат е во целосна надлежност исклучиво на Комисијата за избори и верификација на ФФМ па оттаму целосно е неоснован наводот за постоење на обврска да ја прифати кандидатурата и исполнетоста на посебниот услов само врз основа на доставената одлука на ОФС Тетово со која ОФС Тетово кандидатот го предлага за делегат а при тоа да не го цени фактот дека бројот на делегати со кој ОФС Тетово е претставен во Собранието на ФФМ е исцрпен.

Во врска со поднесеното Барањето за заштита на законитост, Комисијата завзема став дека истото е безпредметно.

Врз основа на се погоренаведено, Комисијата за жалби донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
Претседавач,
Дејан Николоски

доставено до:
- жалителот
- Комисија за избори и верификација на ФФМ
- Управен одбор на ФФМ
- Собрание на ФФМ
- Генерален секретар на ФФМ
- макфудбал
- архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 10-1854/3
21.08.2018 год.

Комисија за жалби на ФФМ

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски - претседавач, Димитар Трајчевски - член, Симона Косталинова - член, Сандра Михајловски – член, постапувајќи по жалбата

поднесување оставка; во т.2, Предлогот за именување на делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Неготино согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38 од 23.05.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Харалампие Хаџи – Ристески за делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија на местото на Сашо Николов е отфрлен како недопуштен; во т.3, Предлогот за именување на заменик делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Неготино согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38/1 од 23.05.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Ангел Ташев за заменик делегат на Општинскиот фудбалски сојуз Неготино на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија е отфрлен како недопуштен; во т.4, Кандидатурата на г-дин Харалампие Хаџи-Ристески за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Неготино, врз основа на Одлука на Управниот одбор на ОФС Неготино бр. 0202-51 од 04.08.2018 година е одбиена како неоснована.

Комисијата констатира дека жалбата е поднесена навремено во согласност со правната поука искажана во Одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1854/1 од 16.08.2018 година.

Незадоволен од донесената одлука во т.2,3 и 4, жалителот во жалбата наведува дека жалбата ја поднесува поради неправилна примена на Статутот на ФФМ; неправилна и несоодветна усогласеност со правилата и Статутот на ФИФА и УЕФА како и нивно непочитување;поради тоа што во постапката која му претходела на актот, не се постапило според правилата на постапката, фактичката состојба не е утврдена правилно односно од утврдените факти е изведен неправилен заклучок во однос на фактичката состојба.
Жалителот наведува дека Комисијата за избори и верификација надвор од своите ингеренции со негативна одлука го ускратила правото да предлага и избира органи во ФФМ при претстојното вонредно собрание што претставува непочитување на правата на членките и е спротивно на Статутите на УЕФА и ФИФА. Жалителот се жали дека не може да ги оствари своите права бидејќи никаде не постојат, односно во Статутот на ФФМ не постои дел за права за членки кој што е задолжителен во меѓународни статути и при тоа наведува дека во статутите на ФИФА и УЕФА има глави за членство. Понатаму смета дека употребата на член 53 с.3 и 181 с.1 од Статутот на ФФМ во негативна конотација значи непочитувањето од страна на Комисијата за избори и верификација на датумите на стапување во сила на одлуките кои ги донел ОФС односно директно оспорување на членките за остварување на своите права од членство, за истите смета дека се спротивни на Уставот на РМ и дека ваквите членови ќе бидат дадени на оценка пред Уставниот суд со времена мерка за итно постапување поради опасност од штетни дејствија. Смета дека е незаконито и неосновано толкувањето на Статутот во смисла дека не може да се делегира нов делегат на веќе испразнето место а особено не под апсурдни услови наведени во член 181 с.1 в.в чл.53 с.3 и тоа да се применувало после 01.06.2018 година. Жалителот наведува дека ОФС Неготино како правно лице членува во ФФМ на доброволна основа, со приемот се стекнала со права меѓу кои и мандати со кои ќе учествува на собранијата.Начинот на делегирање не е условен од ФФМ и е право на самата членка. Смета дека првостепениот орган нема право да го ускрати и оневозможи ОФС Неготино да биде претставуван од

било кој  и да гласа активно на било кое собрание. Ова поради тоа што верификацијата на мандати ја прави собранието, откако  Комисијата за избори и верификација согласно чл.88 с.2 ќе ги утврди доставените документи и тоа значи дека Комисијата ги утврдува на листа веќе избраните кандидати од членките. Како пример ја наведува Одлуката за утврдена пречистена листа на делегати на Комисијата за избори и верификација 0207-55/6 од 12.01.2018 година објавен во „Макфудбал" вонреден број 2 од 05.02.2018 година која требало да се верифицира на Собранието од 07.02.2018 година но тоа не се случило бидејќи на наведеното Собрание немало точка за верификација на делегати и тие се оставени без одлука да учествуваат. Жалителот се сомнева на создавање на правна несигурност бидејќи според него Комисијата само ги читала новозапишаните делегати а се водело сметка само за бројот на мандатите и дека никому не му било невозможно да се состави листа  и да се побара од Собранието да се верифицира а сега тоа се отфрла како недозолено. Жалителот смета дека оставката на едниот делегат дадена на 23.05.2018 година кој бил заменик на порано починатиот делегат  е доволен услов да се прифати друг легално избран на 23.05.2018 година. Смета дека не смее да се дозволи одлуката на ОФС Неготино да биде отфрлена и да остане членката надвор од Собранието поради пропусти на комисијата и наводно неисполнети услови. Смета дека Комисијата за избори и верификација не е постојан орган и работи само пред собранијата како би можело да се утврди  дали има некои измени и да се постави кворумот што би значело ако од дозволени причини им престане мандатот на делегатот и заменикот нема статутарна одредба која го забранува нивното пополнување со нови делегати или лица кои ОФС Неготино на законски и статутарен начин веќе ги избрал за свои делегати. Жалителот смета дека е важно да напомене дека во Статутот нема изрична одредба за забрана на дополнување на листата на делегати туку има само забрана за менување на бројот на мандатите. Воедно напоменува дека нема забрана ниту објаснение за делегатите туку цело време се спомнуваат замениците делегати како и дека  Комисијата за избори и верификација го утврдува мандатот на замениците делегати (чл.51 с.2) а мандатот го довршува заменикот делегат. Жалителот смета дека е апсурдно Комисијата за избори и верификација да завземе став дека не може да ја менува листата на веќе претходно утврдени заменици делегати иако има оставка и веќе нема делегати за претставување а тоа поради непостоечкиот услов од член 53 с.3 за неменување на листата на заменици и во нападната одлука да има наведено дека лицата од одлуките на ОФС Неготино  не кореспондирале со листата на заменици делегати доставени од ОФС Неготино со известување бр. 2010-05 од 10.01.2018 г. Понатаму наведува дека сега е ново Собрание, има нови делегати, има вонредна состојба. Смета дека не може да не бидат констатирани делегатите на ОФС Неготино бидејќи ОФС Неготино во одлуката 0202-38 од 23.05.2018 година делегира делегат а не заменик што е суштински различно а во другата одлука 0202-38/1 од 23.05.2018 година заменик на делегатот сега делегиран и тој е единствен заеменик а не заменик на заменикот.Смета дека Одлуиките се донесени на 23.05.2018  и истите можеле да бидат доставени во било кое време пред одржување на наредно собрание кое можело да биде и во февруари 2019 година. Смета дека ОФС е оставен без свои претставници  а не е исклучен или под суспензија  како и дека само под суспензија му мирува правото на учество во работата на собранието.(чл.53.с.4) За досегашните наводи жалителот наведува дека се основни неправилности за констатирање на делегати во врска

со т.2 и т.3 од нападнатата одлука а не за нивно верификување, заменување или дополнување.
Жалителот понатаму поставува прашање до сите учесници во работите на ФФМ зошто кога на последното собрание е направена измена на член 179 и 180 во врска со усогласување на актите и статутите на членките ( наместо 2018 сменето е во 2019 година) не е изменет и член 181 па и тој рок да се продолжи, туку ригидно и неправилно се применува како и зошто постои фамозниот услов од член 181 с.1. За истото смета дека е нејасно, нетранспарентно и нелогично и спротивно на начелата за кои постои ФФМ и ОФС Неготино. Сето ова го поставува заради правилно согледување на фактичката состојба. Во врска со т.4 од нападнатата одлука смета дека Комисијата за избори и верификација лукративно и со намера или немарност го отфрлила правото за верификација на делегат од ОФС Неготино за да се оневозможи и кандидатурата на делегат од ОФС Неготино. Смета дека не постои јасен и образложен став за тоа кој од предвдиените услови од член 91.ст.1 не бил исполнет , дали е тоа делегатскиот статус, дали е тоа постапката за предлагање или критериумите. Жалителот смета дека кандидатот ги исполнува условите да биде кандидат или критериумите за истиот. Истиот е предложен од Управниот орган на ОФС Неготино согласно Статутот на ОФС Неготино. Жалителот смета дека Комисијата за избори и верификација се преценува кога наведува дека не се исполнети услови од член 43 ст.1 т2 и 3 од Статутот на ФФМ, бидејќи за истите не треба докажување, тие се исполнети. Смета дека деловната способност се претпоставува не се докажува а истата ја имаш и може да се изгуби со судска одлука или смрт. Условот, активно да учествува во активностите на фудбалската организација како нејзин член е исполнет бидејќи е моментален делегат на ОФС Неготино а бил учесник долги години во работата на ФФМ УЕФА и ФИФА и сеуште учествува во активностите на фудбалските организации.

Жалителот бара од Комисијата за жалби целосно да го разгледа предметот по сите точки за да се оствари целовитост и контрадикторност во постапката. Жалителот бара да се уважи жалбата , нападнатата одлука се укине односно поништи, предметот да се врати на повторно разгледување односно преиначи на начин во кој ќе се сметаат за констатирани одлуките за делегат и заменик на ОФС Неготино и се прифати поднесената кандидатура за Претседател.

Од списите на предметот Комисијата утврди дека жалителот поднел документација до Фудбалската федерација на Македонија и тоа: допис со прилози од ОФС Неготино бр. 0301-52 од 04.08.2018 година, примен во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 06.08.2018 година заведен под деловоден број 0302-1779/1; допис со прилози бр. 0301-53 од 04.08.2018 година, примен во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 10.08.2018 година, заведен под дел.бр. 0302-1818/1 како и допис бр. 0301-62 од 14.08.2018 година примен во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 15.08.2018 година заведен под дел.бр. 0302-1818/2. Комисијата утврди дека Општинскиот фудбалски сојуз Неготино доставил: Изјава од Сашо Николов за поднесување оставка како делегат на Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија, заверена кај Нотар Ванчо Тренев - Неготино под УЗП бр. 2252/18 од 23.05.2018 година; Одлука од Управен одбор на ОФС Неготино бр. 0202-37 од 23.05.2018 година, со која е констатирана оставка на Сашо Николов како делегат на Собранието на ФФМ од ОФС Неготино; Одлука од Управен

одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38 од 23.05.2018 година, со која на местото на Сашо Николов е предложен Харалампие Хаџи – Ристески за делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија; Одлука од Управен одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38/1 од 23.05.2018 година, со која се предлага Ангел Ташев како заменик делегат на Собранието на ФФМ од ОФС Неготино, Одлука од Управен одбор на ОФС Неготино бр. 0202-51 од 04.08.2018 година со која е предложен Харалмпие Хаџи – Ристески за Претседател на ФФМ, Потврда за казнена евиденција КР. 2638/18 од 25.07.2018 година од Основен суд Прилеп, Уверение за државјанство, Записник 11 бр. 0202-35 од Управен одбор на ОФС Неготино од 24.05.2018 година и Записник 13 бр. 0202-50 од 04.08.2018 година.

Комисијата по службена должност го побара на увид Записникот од одржана седница на Комисијата за избори и верификација на ФФМ на ден 24.01.2017 година, Одлука на Комисијата за избори и верификација на ФФМ донесена на седница одржана на 24.01.2017 година заведена под дел бр. 0207-172/7 на ден 24.01.2017 година, Записникот од одржано редовно генерално собрание на Фудбалската Федерација на Македонија од ден 18.02.2017 година, заведен под дел бр. 0201-384/1-2 на 21.03.2017 година; Записникот од одржана седница на Комисијата за избори и верификација на ФФМ на ден 12.01.2018 година, заведен во ФФМ под дел бр. 0207-55/1 на 12.01.2018 година, Одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ донесена на седница одржана на 12.01.2018 година заведена под дел бр. 0207-55/4 на ден 12.01.2018 година, Записникот од одржано редовно генерално собрание на Фудбалската Федерација на Македонија од ден 17.02.2018 година, заведен под дел бр. 0201-474/17 на 21.02.2018 година.

По разгледување на целокупната документација а во врска со жалбените наводи, Комисијата утврди дека на Редовното генерално изборно собрание на ФФМ одржано на 18.02.2017 година се утврдени и верификувани двајца делегати на ОФС Неготино Ангелов Орданчо и Недев Зоран. Со допис бр. 0201-05 од 10.01.2018 година, примен во ФФМ на ден 11.01.2018 година под дел.бр. 0302-35/1 ОФС Неготино известил дека за заменици делегати се избрани и ги предлага Николов Сашо и Крстев Сашо од кои за Николов Сашо доставил одлука бр. 0202-02 од 10.01.2018 година со која предлага истиот да го замени починатиот делегат Недев ,верификуван на претходното собрание. Врз основа на предлог одлуката согласно доставена листа на заменици делегати, Комисијата за избори и верификација на ФФМ со Одлука бр. 0207-55/4 од 12.01.2018 година го утврдила Сашо Николов за делегат на Собранието на ФФМ. Согласно оваа одлука мандатот на делегатот Сашо Николов бил верификуван на Редовното генерално собрание на Фудбалската Федерација на Македонија од ден 17.02.2018 година (видно од записникот,заведен под дел бр. 0201-474/17 на 21.02.2018 година).

ОФС Неготино, на седница на Управниот одбор одржана на ден 23.05.2018 година донел одлука за констатирање на оставката на Сашо Николов како делегат на Собрание на ФФМ; донел одлука со која предложил нов делегат на собранието на местото на делегатот чија оставка е констатирана и одлука за уште еден заменик делегат на Собрание на ФФМ; ОФС Неготино за донесените одлуки ја известил ФФМ со поднесок бр.0301-52 од 04.08.2018 година, примен во ФФМ на 06.08.2018 година под дел.бр. 0302-1779/1 со кој доставил известување за констатираната оставка и одлуки за избор на делегат и заменик на делегат на собрание на ФФМ од ОФС Неготино;

На ден 10.08.2018 година со поднесок бр. 0301-53 од 04.08.2018 година до Фудбалската Федерација на Македонија е доставена кандидатура, во која е приложена Одлуката од Управниот одбор со горецитираните документи за кандидатот.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека првостепениот орган во образложението на нападната одлука правилно утврдил, кога се произнел дека предложените лица во погоре цитираните одлуки на ОФС Неготино: Одлуката од Управниот одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38 од 23.05.2018 година, со која на местото на Сашо Николов е предложен Харалампие Хаџи – Ристески за делегат на Собранието на ФФМ; Одлука од Управен одбор на ОФС Неготино бр. 0202-38/1 од 23.05.2018 година, со која се предлага Ангел Ташев како заменик делегат на Собранието на ФФМ од ОФС Неготино не кореспондираат со листата на заменици делегати доставена од Општински фудбалски сојуз Неготино со известување бр. 0201-05 од 10.01.2018 година, примено во ФФМ на ден 11.01.2018 година под дел.бр. 0302-35/1.

Врз основа на записникот од Редовното генерално изборно собрание на ФФМ одржано на 18.02.2017 година Комисијата констатира дека се утврдени и верификувани двајца делегати на ОФС Неготино Ангелов Орданчо и Недев Зоран. Согласно одредбите на член 51 став 1 од Статутот на ФФМ ОФС Неготино има право да достави листа на двајца заменици делегати.

се цитира:

Член 51 став 1

(1) „Територијалните фудбалски организации определуваат листа на заменици делегати чиј број е идентичен на бројот на избраните делегати."

Комисијата, врз основа на допис од ОФС Неготино бр. 0201-05 од 10.01.2018 година, примен во ФФМ на ден 11.01.2018 година под дел.бр. 0302-35/1 ОФС Неготино, утврди дека ОФС Неготино доставил листа на двајца заменици-делегати и тоа лицата: Николов Сашо и Крстев Сашо. Од одлуката на ОФС Неготино бр. 0202-02 од 10.01.2018 година, Комисијата заклучи дека на едниот верификуван делегат Зоран Недев му престанал делегатскиот мандат по еден од основите утврдени во член 99 од Статутот на ФФМ (смрт). На негово место од листата на заменици делегати согласно член 51 став 2 е утврден и верификуван од страна на Редовното генерално собрание на Фудбалската Федерација на Македонија од ден 17.02.2018 година Сашо Николов кој треба да го доврши мандатот на починатиот Зоран Недев. согласно член 51 став 3 од Статутот на ФФМ.

се цитира:

член 51 став 2 и 3

(2)„Мандатот на замениците делегати го утврдува Комисијата за избори и верификување, согласно редоследот на добиената листа од предметната територијална фудбалска организација ."

(3)„Во случај на престанок на мандат на делегат на собрание согласно одредбите од член 99 на овој Статут, по верификување од страна на Генералното собрание, мандатот го довршува заменик делегатот, согласно став 2 (два) од овој член."

Од дописот и одлуките донесени од страна на Управниот одбор на ОФС Неготино на 23.05.2018 година со допис бр. 0301-52 од 04.08.2018 година, примен во Фудбалската Федерација на Македонија на ден 06.08.2018 година

заведен под деловоден број 0302-1779/1 , Комисијата утврди дека Сашо Николов сега делегат од ОФС Неготино верификуван на Редовното генерално собрание на Фудбалската Федерација на Македонија од ден 17.02.2018 година, кој треба да го доврши мандатот на починатиот Зоран Недев, му престанува мандатот по еден од основите утврдени во член 99 од Статутот на ФФМ (оставка). ОФС Неготино со истиот допис известува дека донел одлука за избор на нов делегат и нов заменик делегат. Комисијата врз основа на одредбите од член 51 став 3 со кој се уредува начинот на довршување на мандат во случај на престанок на мандат на делегат на собрание а согласно одредбите од член 99 од Статутот на ФФМ утврди дека поднесените предлози од ОФС Неготино за нов делегат и нов заменик делегат се недопуштени.

Од тие причини Комисијата ги најде како целосно неосновани жалбените наводи за неправилна примена на Статутот на ФФМ; неправилна и несоодветна усогласеност со правилата и Статутот на ФИФА и УЕФА како и нивно непочитување;поради тоа што во постапката која му претходела на актот, не се постапило според правилата на постапката, фактичката состојба не е утврдена правилно односно од утврдените факти е изведен неправилен заклучок во однос на фактичката состојба.

Комисијата утврди дека на седниците на Собранието кога се носени измените и дополнувањата на Статутот на ФФМ присуствувал претставник на УЕФА и на ФИФА како и дека измените на Статутот, Фудбалската федерација на Македонија имала и ја спровела обврската за достава на Статутот до надлежните служби на УЕФА и ФИФА заради усогласеност.

Во врска со наводите во жалбата дека жалителот не може да ги оствари своите права бидејќи никаде не постојат, односно во Статутот на ФФМ не постои дел за права за членки кој што е задолжителен во меѓународни статути и при тоа наведува дека во статутите на ФИФА и УЕФА има глави за членство, Комисијата не е запознаена со терминот меѓународни статути на кој се повикува жалителот , но го упатува жалителот на глава 3 од Статутот на ФФМ со наслов ЧЛЕНСТВО, на одредбите од член 36 и 37 кои ги третираат прашањата на права и обврски од членство.

Комисијата констатира дека Комисијата за избори и верификување при одлучување ја имала во предвид и одредбата од член 181 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија во која е утврдено дека „Одредбите од член 53 од овој Статут влегуваат во сила на 01.06.2018 година по што Комисијата за избори и верификација исправно оценила дека по 01.06.2018 година не може да постапува по доставено барање од 06.08.2018 година.

Комисијата утврди дека одредбата од член 53 став 2 и да не е влезена во сила на 01.06.2018 година нема значение во конкретниот случај од причина што листата на делегати-заменици била дадена со онолку заменици колку што дозволува член 51 став 1 од Статутот на ФФМ, односно на два делегата членката може да достави листа со два заменика. Комисијата констатира дека ОФС Неготино листата на заменици ја нема исцрпено, на листата на заменици ОФС Неготино го има г-динот Крстев Сашо.

Врз основа на погоренаведеното Комисијата го најде како неоснован и наводот дека ОФС Неготино останува без свои представници кога има еден верификуван мандат на г-динот Ангелов Орданчо и еден заменик –делегат од листата на заменици делегати кој треба да се утврди.

Во врска со жалбените наводи поврзани со т.4 од нападнатата одлука дека не постои јасен и образложен став за тоа кој од предвидените услови од член 91.ст.1 не бил исполнет, Комисијата утврди дека истиот е целосно неоснован

бидејќи во образложението на нападнатата одлука, првостепениот орган навел дека кандидатурата за Претседател на ФФМ на г-дин Харалампие Хаџи-Ристески се одбива како неоснована од причина што не е утврден и верификуван делегат на Собранието на ФФМ, односно не го исполнува посебниот услов за кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија, утврден во член 91, став 1 од Статутот на ФФМ „На предлог на надлежен орган на членките на ФФМ, Претседателот на ФФМ го избира Генералното собрание од редот на делегатите на Генералното собрание во пропишана постапка согласно утврдените критериуми на овој Статут. " Комисијата се согласува со наводот дека деловната способност се претпоставува, не се докажува а истата ја имаш и може да се изгуби со судска одлука или смрт, но органот кој тоа го утврдува треба да има доказ дека истата не е одземена со судска одлука, па од тие причини, а согласно одредбите од член 43 став 1 т.2 од Статутот истата мора да се цени како услов. Комисијата од списите на предметот не успеа да утврди дека кандидатот е активно вклучен во работата на фудбалската организација независно од неговите активности и достигнувања во минатото.

Комисијата утврди дека првостепениот орган одлуката ја донел врз основа на своите надлежности утврдени во член 88 и член 91 став 4 од Статутот на ФФМ .

Врз основа на одредбите на Статутот на ФФМ и се погоренаведено, Комисијата за жалби донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
Претседавач,
Дејан Николоски

доставено до:
- жалителот
- Комисија за избори и верификација на ФФМ
- Управен одбор на ФФМ
- Собрание на ФФМ
- Генерален секретар на ФФМ
- макфудбал
- архива на ФФМ

ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 10-1869/2
21.08.2018 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски - претседавач, Димитар Трајчевски - член, Симона Костадинова - член, Сандра Михајловски – член, постапувајќи по жалбата поднесена од Општински фудбалски сојуз Куманово,со дел.број 77 од 17.08.2018 година, пр.бр. 13-1869/1 од 17.08.2018 година против одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1852/1 од 16.08.2018 година, врз основа на член 143 и 144 од Статутот на ФФМ, на седницата одржана на ден 21.08.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**1.** Жалбата поднесена од Општински фудбалски сојуз Куманово ,со дел.број 77 од 17.08.2018 година, примена во ФФМ на 17.08.2018 година со дел.број 13-1869/1, **се одбива како неоснована**.

**2.** **Се потврдува** одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1852/1 од 16.08.2018 година, со која во т.1 СЕ КОНСТАТИРА прекин на мандатот на Г-дин Чедо Ангеловски-делегат од Општински фудбалски сојуз Куманово, поради поднесување оставка; во т.2.СЕ КОНСТАТИРААТ оставките на замениците делегати од ОФС Куманово и тоа на г-дин Милорад Тренчевски, Еркан Јусуф и Неат Селими; во т.3.СЕ КОНСТАТИРА дека листата на заменици делегати на ОФС Куманово е исцрпена;во т.4 Предлогот за именување на делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Куманово согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Куманово бр. 71/2 од 09.08.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Вујадин Станојковиќ за делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОПУШТЕН; во т.5 Предлогот за именување на заменик делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Куманово согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Куманово бр. 71/3 од 09.08.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Зоран Златановски за заменик делегат на Општинскиот фудбалски сојуз Куманово на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОПУШТЕН;во т.6 Кандидатурата на г-дин Вујадин Станојковиќ за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Куманово, врз основа на Одлука на Управниот одбор на ОФС Куманово бр. 71/4 од 09.08.2018 година СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

**3.** Одлуката е конечна.

**4.** Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Општинскиот фудбалски сојуз Куманово, непосредно до архивата на Фудбалската Федерација на Македонија, на ден 17.08.2018 година достави жалба со дел.број 77 од 17.08.2018 година, заведена во ФФМ со дел.број 13-1869/1. Жалбата е изјавена против одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1852/1 од 16.08.2018 година, со која во т.1 е

констатиран прекин на мандатот на Г-дин Чедо Ангеловски - делегат од Општински фудбалски сојуз Куманово, поради поднесување оставка; во т.2. констатирани се оставките на замениците делегати од ОФС Куманово и тоа на г-дин Милорад Тренчевски, Еркан Јусуф и Неат Селими; во т.3.констатирано е дека листата на заменици делегати на ОФС Куманово е исцрпена;во т.4 предлогот за именување на делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Куманово согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Куманово бр. 71/2 од 09.08.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Вујадин Станојковиќ за делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија е отфрлен како недопуштен; во т.5 предлогот за именување на заменик делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општинскиот фудбалски сојуз Куманово согласно Одлука на Управниот одбор на ОФС Куманово бр. 71/3 од 09.08.2018 година, со која Управниот одбор го предлага Г-дин Зоран Златановски за заменик делегат на Општинскиот фудбалски сојуз Куманово на Собранието на Фудбалска Федерација на Македонија е отфрлен како недопуштен; во т.6 кандидатурата на г-дин Вујадин Станојковиќ за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Куманово, врз основа на Одлука на Управниот одбор на ОФС Куманово бр. 71/4 од 09.08.2018 година е одбиена како неоснована.

Комисијата констатира дека жалбата е поднесена навремено во согласност со правната поука искажана во Одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1852/1 од 16.08.2018 година.

Незадоволен од одлуката, жалителот во жалбата наведува дека се неосновани констатациите на Комисијата за избори и верификација за недопуштеност на предлозите за назначување на Вујадин Станојковиќ за делегат и Зоран Златановски за заменик делегат согласно член 51 и член 53 став 3 од Статутот на ФФМ. Во продолжение на жалбените наводи жалителот се повикува на повреди на одредбите на Законот за трговски друштва и тоа член 552-а и 552-б при изборот на г-дин Сашо Тасев од Кавадарци за претседател на Фудбалската федерација на Македонија поради тоа што истиот се јавува како основач на трговско друштво кое поради незапишана адреса на електронско сандаче и неподнесена годишна сметка за 2013 година е избришана од трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија и дека од тие причини согласно член 29 од Законот за трговски друштва истиот во наредните три години почнувајќи од 07.03.2016 година не може да биде запишан како овластено лице во Централниот регистар на Република Македонија. Поради наведените причини жалителот бара од Комисијата за жалби да ја стави вон сила нападната одлука на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1852/1 од 16.08.2018 година.

Во ситуација, кога жалителот во жалбените наводи со кои наведува дека се неосновани констатациите на Комисијата за избори и верификација за недопуштеност на предлозите за назначување на Вујадин Станојковиќ за делегат и Зоран Златановски за заменик делегат согласно член 51 и член 53 став 3 од Статутот на ФФМ, не наведува врз основ на што го темели жалбениот навод, Комисијата заради посебноста на изборниот процес пристапи кон утврдување на фактичката состојба.

Од списите на предметот Комисијата утврди дека жалителот поднел документација до Фудбалската федерација на Македонија на ден 10.08.2018

примена под дел.бр. 0302-1817/1 како и дополнување на документација примена на 15.08.2018 година, под деловоден број 0302-1817/2 и тоа: Одлука од Управен одбор на ОФС Куманово бр. 71/1 од 09.08.2018 година, Оставка од Тренчевски Милорад како заменик делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2409/2018 на 24.07.2018 година, Оставка од Чедо Ангеловски како делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2399/2018 на 24.07.2018 година, Оставка од Јусуф Еркан како заменик делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2410/2018 на 24.07.2018 година, Оставка од Селими Неат како заменик делегат од ОФС Куманово на Собранието на ФФМ, заверена кај Нотар Драган Георгиев заведена под УЗП бр. 2406/2018 на 24.07.2018 година, Одлука од Управен одбор на ОФС Куманово бр. 71/2 од 09.08.2018 година, Одлука од Управен одбор на ОФС Куманово бр. 71/3 од 09.08.2018 година, Одлука од Управен одбор на ОФС Куманово бр. 71/4 од 09.08.2018 година, Уверение за кривична евиденција КР 6477/18 од 10.08.2018 издадена од Основен суд Куманово, Уверение за државјанство, Уверение од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа бр. 03-1697/293 од 15.08.2018 година Куманово и Записник од седница на Управен одбор на ОФС Куманово 71 од 09.08.2018 година.

Комисијата утврди дека првостепениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба кога навел дека Општинскиот фудбалски сојуз Куманово одржал седница на Управен одбор на ден 09.08.2018 година на која се донесени следните одлуки: одлука со која се прифатени оставките поднесени од Чедо Ангеловски – делегат на Собрание на ФФМ, Милорад Тренчевски, Еркан Јусуф и Неат Селими –заменици делегати на Собрание на ФФМ; одлука со која е предложен Вујадин Станојковиќ за делегат на Собранието на ФФМ; одлука со која е предложен Зоран Златановски за заменик делегат на Собранието на ФФМ и Одлука со која е предложен Вујадин Станојковиќ за кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија.

Истотака, видно од доставената документација, Комисијата констатира дека првостепениот орган правилно постапил кога утврдил дека тројцата заменици делегати од Општинскиот фудбалски сојуз Куманово: г-дин Милорад Тренчевски, г-дин Еркан Јусуф и г-дин Неат Селими си поднеле оставки , а имајќи ја во предвид одредбата од член 51 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, според кој: „(1)Територијалните фудбалски организации определуваат листа на заменици делегати чиј број е идентичен на бројот на избраните делегати. (2)Мандатот на замениците делегати го утврдува Комисијата за избори и верификување, согласно редоследот на добиената листа од предметната територијална фудбалска организација. (3) во случај на престанок на мандат на делегат на собрание согласно одредбите од член 99 од овој Статут, по верификување од страна на Генералното собрание мандатот го довршува заменик делегат, согласно став 2 (два) од овој член", првостепениот орган правилно констатирал дека листата на делегати за замена е исцрпена. Првостепениот орган правилно констатирал и дека согласно цитираниот член 51 и 53 став 3 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија според кој „(3)При исцрпување на листата на делегати за замена, истата не се надополнува", предлозите за делегат и заменик делегат се недопуштени.

Од погоренаведеното Комисијата утврди неоснованост на жалбените наводи со кои жалителот, како неосновани ги наведува констатациите на Комисијата за избори и верификација за недопуштеност на предлозите за

назначување на Вујадин Станојковиќ за делегат и Зоран Златановски за заменик делегат, согласно член 51 и член 53 став 3 од Статутот на ФФМ. Комисијата констатира дека нападнатата одлука е донесена врз основа на правилна примена на одредбите на Статутот на Фудбалската федерација на Македонија. Фактите и околностите битни за правилно и целосно утврдување на фактичката состојба биле правилно утврдени од страна на првостепениот орган а од страна на жалителот не се поднесени докази во поткрепа на наведените жалбени наводи.

Комисијата се осврна и на жалбените наводи за направени повреди на одредбите на Законот за трговски друштва и тоа член 552-а и 552-б при изборот на г-дин Сашо Тасев од Кавадарци за Претседател на Фудбалската федерација на Македонија поради тоа што истиот се јавува како основач на трговско друштво кое поради незапишана адреса на електронско сандаче и неподнесена годишна сметка за 2013 година е избришана од трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија и дека од тие причини согласно член 29 од Законот за трговски друштва истиот во наредните три години почнувајќи од 07.03.2016 година не може да биде запишан како овластено лице во Централниот регистар на Република Македонија.

Имајќи го во предвид диспозитивот како и севкупноста на нападнатата одлука, Комисијата не можеше да утврди кој дел од одлуката се однесува на избор на г-дин Сашо Тасев од Кавадарци за Претседател на Фудбалската федерација на Македонија а уште помалку можеше да утврди повреда на материјално право врз основа на кое нападнатата одлука се темели а произлегува од примена на Законот за трговски друштва. Од тие причини Комисијата, овие жалбени наводи ги оцени како нерелевантни, без влијание на правилното одлучување како во првостепената така и во второстепената постапка.

Врз основа на одредбите на Статутот на ФФМ и се погоренаведено, Комисијата за жалби донесе одлука како во диспозитивот.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA SKOPJE СКОПЈЕ

Комисија за жалби на ФФМ
Претседавач,
Дејан Николоски

доставено до:
- жалителот
- Комисија за избори и верификација на ФФМ
- Управен одбор на ФФМ
- Собрание на ФФМ
- Генерален секретар на ФФМ
- макфудбал
- архива на ФФМ

ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 10-1855/3
21.08.2018 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски - претседавач, Димитар Трајчевски - член, Симона Костадинова - член, Сандра Михајловски – член, постапувајќи по жалбата поднесена од Општински фудбалски сојуз Ресен, со дел.број 27 од 20.08.2018 година, пр.бр. 10-1855/2 од 21.08.2018 година против одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1855/1 од 16.08.2018 година, врз основа на член 143 и 144 од Статутот на ФФМ, на седницата одржана на ден 21.08.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Жалбата поднесена од Општински фудбалски сојуз Ресен, примена во ФФМ на 21.08.2018 година со дел.број 10-1855/2, **се одбива како неоснована**.
2. **Се потврдува** одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1855/1 од 16.08.2018 година, со која во т.1 Кандидатурата на г-дин Харалампие Хаџи-Ристески за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Ресен, врз основа на Одлука на Управниот одбор на ОФС Ресен со бр. 19 од 06.08.2018 година СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.
3. Одлуката е конечна.
4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општинскиот фудбалски сојуз Ресен ,со препорачана пратка до Фудбалската Федерација на Македонија, на ден 21.08.2018 година достави жалба заведена во ФФМ со дел.број 10-1855/2. Жалбата е изјавена против одлуката на на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1855/1 од 16.08.2018 година, со која во т.1 Кандидатурата на г-дин Харалампие Хаџи-Ристески за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија поднесена од ОФС Ресен, врз основа на Одлука на Управниот одбор на ОФС Ресен со бр. 19 од 06.08.2018 година е одбиена како неоснована.

Комисијата констатира дека жалбата е поднесена навремено во согласност со правната поука искажана во Одлуката на Комисијата за избори и верификација на ФФМ бр. 0207-1855/1 од 16.08.2018 година.

Незадоволен од донесената одлука, жалителот наведува дека комисијата дала нецелосно и нејасно образложение зошто и како ја одбива одлуката за предложениот кандидат. Жалителот смета дека предложениот кандидат ги исполнува условите од чл.91 став 1 и член 43 став 1 т.2 и 3 од Статутот на ФФМ и смета дека за условите наведени во член 43 став 1 т.2 и 3 не е потребно докажување. Жалителот смета дека во моментот на поднесување на жалбата предложениот кандидат Харалампие Хаџи-Ристески е делегат на ОФС Неготино како и дека првостепениот орган недоволно ги утврдил фактите при носење на одлуката.

Жалителот бара од Комисијата за жалби целосно да го разгледа предметот и да ја потврди поднесената кандидатура за Претседател.

Од списите на предметот Комисијата утврди дека жалителот поднел документација до Фудбалската федерација на Македонија и тоа: кандидатура

од Општински фудбалски сојуз Ресен бр. 20 од 06.08.2018 година примена во ФФМ на ден 10.08.2018 година под дел.бр. 0302-1819/1 и тоа: Одлука на Управниот одбор на ОФС Ресен со бр. 19 од 06.08.2018 година, Потврда за казнена евиденција КР 2638/18 од 25.07.2018 издадена од Основен суд Прилеп, Уверение за државјанство и Записник од седница на Управен одбор на ОФС Ресен од 06.08.2018 година, примен во ФФМ на ден 15.08.2018 година, под дел.бр. 0302-1819/2.

Комисијата при одлучување ја имаше во предвид и својата одлука донесена на истата седница од 21.08.2018 година бр. 10-1854/3.

Врз основа на списите од предметот, Комисијата утврди дека Општинскиот фудбалски сојуз Ресен одржал седница на Управен одбор на ден 06.08.2018 година, на која е донесена одлука со која го предлага г-дин Харалампие Хаџи-Ристески за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија. Комисијата исто така утврди дека првостепениот орган правилно утврдил дека предложениот кандидат за Претседател на ФФМ од ОФС Ресен не е утврден и верификуван делегат на Собранието на ФФМ, согласно листата на утврдени и верификувани делегати на Собрание на ФФМ одржано на ден 17.02.2018 година. , а во согласност со член 91.ст.1 од Статутот на ФФМ.

Во врска со жалбените наводи дека првостепениот орган дал нецелосно и нејасно образложение зошто и како ја одбива одлуката за предложениот кандидат како и дека жалителот смета дека предложениот кандидат ги исполнува условите од чл.91 став 1 и член 43 став 1 т.2 и 3 од Статутот на ФФМ и смета дека за условите наведени во член 43 став 1 т.2 и 3 не е потребно докажување, Комисијата утврди дека овие наводи се целосно неосновани. Комисијата се согласува дека деловната способност се претпоставува, не се докажува а истата ја имаш и може да се изгуби со судска одлука или смрт, но органот кој тоа го утврдува треба да има доказ дека истата не е одземена со судска одлука, па од тие причини, а согласно одредбите од член 43 став 1 т.2 од Статутот истата мора да се цени како услов. Комисијата од списите на предметот не успеа да утврди дека кандидатот е активно вклучен во работата на фудбалската организација независно од неговите активности и достигнувања во минатото.

Комисијата констатира дека првостепениот орган одлуката ја донел врз основа на своите надлежности утврдени во член 88 и член 91 став 4 од Статутот на ФФМ .

Врз основа на одредбите на Статутот на ФФМ и се погоренаведено, Комисијата за жалби донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
Претседавач,
Дејан Николоски

доставено до:
- жалителот
- Комисија за избори и верификација на ФФМ
- Управен одбор на ФФМ
- Собрание на ФФМ
- Генерален секретар на ФФМ
- макфудбал
- архива на ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр 0202-1886/3
21.08 2018 год.

Врз основа на член 109, од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 21.08.2018 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се констатира повлекување на кандидатурата на Сашко Тасев од ОФС Кавадарци.

2. Се утврдува дека Вонредното Генерално Изборно Собрание за Претседател на ФФМ закажано за 01.09.2018 година во Охрид , нема да се одржи поради повлекување на поднесената и утврдена кандидатура за Претседател на ФФМ.

3. Се задолжува Генералниот секретар да ги извести, членките на ФФМ, УЕФА и ФИФА за ваквата ситуација.

4. Одлуката стапува на сила веднаш и истата да се објави во Макфудбал.

**Образложение**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 21.08.2018 година по излагањето на Сашко Тасев од Кавадарци, кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија, при што истиот ја повлече својата кандидатура, а притоа имајќи ги во предвид одлуките на комисијата за жалби, со кои се одбиени поднесените жалби и се потврдени одлуките на Комисијата за избори и верификација донесе одлука како во диспозитивот.

**Потпретседател на УО,**

Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA
SKOPJE
СКОПЈЕ

Деловоден број 0202-1886/3

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**